**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,27часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот, Благој Зашов потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Господа пратеници, ја отварам 108 седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Фијат Цаноски, Гоце Марковски, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Бесим Догани, Радмила Шекеринска, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети и Садула Дураку ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Јас би молел колегите пратеници да седнат на своите места, за да можам да ја продолжам седницата.

Уште еднаш ги молам колегите пратеници од ДУИ да седнат на своите места, за да можеме да продолжиме со седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Илија Димовским, Неждет Мустафа и Хади Незири.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратеникот Зумрете Јакупи .

Министерот за обрзование и наука достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Министерот за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Цветанка Иванова.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ацо Киров, Јани Макрадули и Никола Рилковски.

Јавниот обвинител на Република Македонија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Јани Макрадули.

Министерот за внатрешни работа достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Агрон Буџаку, Ајше Селмани, Јован Гинев, Петар Поп Арсов и Ацо Киров.

Претседателот на Собранието на Република Македонија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Владо Бучковски .

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Есад Рахиќ.

Министерот за правда достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Иван Анастасовски.

Пред да продолжиме со работа на одговор на поставените пратенички прашања, за процедурално прашање се јави господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, почитуван потпретседателе.

По член 85 и член 35 од Деловникот, сакам процедурално да прашам, дали во оваа Република Македонија, постои договор и дали и оние пратеници меѓу кои сум и јас, кои се избрани со глас повеќе, или помалку од сите вас овде имаат право да постават прашање и во 11,25 ќе ми пријде кординаторот Пол Пот Макрадули, или Мелда Маркос Бонева и ќе ми кажат дали ќе поставуваш прашања.

Мене ми е многу гајле што познатиот демократ Георгиевски репресиран во ова комунистичко време, кога и сите ние бевме репресирани па моравме да одиме на работа и на први да земаме плата, бесплатно да се лекуваме, бесплатно да се школуваме, дури да купуваме коли и станови имаше право човек да си го каже своето мислење.

За жал, денеска мене ми се оневозможи да му поставам прашање на господинот Шон Конери од труд и социјала како госпоѓа Валентина Поповска или Павловска е нов уставотворец и внесува нова категорија етнички малцинства ДПМ-неовци. Жал ми е, што не можам денеска да му поставам прашање на потомокот на Марко Поло, или Евлија Челебија, познатиот македонски Илиус Фок, Ташкович, кој што го оствари американскиот сон во Македонија и ги рашетува своите пријателчиња интимни низ Америка и светот, на сметка на граѓаните на Република Македонија, а полицијата не и се исплаќаат парите за Самитот во Охрид и слично.

Жал ми е што не можам да поставам прашање до мојата омилена министерка за внатрешни работи, како Михаил Баришников прима балетанот од разузнувањето ги троши народните пари 10 милиони евра.

Ќе ве замолам во името на правдата, во името на доброто парламентарно однесување, бидејќи мојот претседател Ѓорчев Влатко на барање од пет пратеника не дозволува на седница на Комисијата безбедност и одбрана да се расправа како балетско разузнавачкиот сектор ги троши парите, да ми дозволите да поставам прашање, за да знаат граѓаните на Република Македонија кого ќе гласаат, бидејќи се утепавте на седми или на 14 април да го распуштите Собранието, а во јуни да имате вонредни

избори. Треба да му дадеме шанса на народот да види со кого има работа. И ќе ве замолам потпретседателе, особено ми е жал што репресиран е претсдателот на Собранието што во таа поранешна комунистичка Југославија и тој убитачен комунизам мораша да иде низ цела Југославија ловрики како демократ и во Сараево и во Зеница не давате можност на еден демократски постигнат на кординација да ние независните пратеници и пратеници од малите политички партии имаме право на глас затоа што ви реков како и сите вие во 2006 година.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Рахиќ.

Можам да ви одговорам дека секој пратеник има право да поставува пратенички прашања. Впрочем вие господине Рахиќ сте поставиле прашање на претходната седница и овде имате право имате добиено одговор на пратеничкото прашање што сте го поставиле до министерот на транспорт и врски на минатата седница.

Списокот на оние пратеници кои ќа поставуваат прашање е направен доколку има место се разбира дополнително ќе се вклучат пратеници кои ќе постават прашања исто така како овие што се на списокот. Благодарам ви одговорив толку колку што можам.

Ајде да видам што е процедурално, но многу кратко.

**Есад Рахиќ:** Многу кратко само 35 секунди. Минатата седница што викате вие дека сум поставил прашање одржана на 31.05.2007 транспорт и врски веројатно министерот Миле Јанакиевски го пратил одговорот по Ташковиќ па преку Сингапур, Катар, Оман стигнало денеска. Година дена чекам да одговор на ова прашање. Јас не сум поставил прашање, минатата седница имав одговор на прашање на кое што ви реков дека не сум задоволен од одговорот, незнам во која сфера беше, во сфера на здравството каде што тогаш господинот Имер Селмани се дружел на холивудски начин.

Не е точно дека минатата седница сум поставил прашање .

**Благој Зашов:** Благодарам господине Рахиќ, можам да се корегирам, јас овде го имам одговорот на вашето поставено прашање. Претпоставував дека на минатата седница е поставено.

За процедурално се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседател мојата процедурална интервенција е во однос на во овој момент неприсуиството ниту на премиерот, ниту на неговите заменици. Сакам да го истакнам ставот на пратеничката група на СДСМ и да го повикам премиерот да дојде да не се плаши. Ние денеска како одговорна политичка партија, нема да поставиме ниедно прашање поврзано со името. Сакаме да работиме во интерес и за доброто на Република Македонија, а не да се водиме како други политички партии од тесно партиските интереси, затоа нека не се плаши, да не биде загрижен, може слободно да дојде во Собранието, ние прашањето повврзано со името како пратеничка група на СДСМ , нема воопшто да го поставиме.

Благодарам.

**Благој Зашов**: Благодарам господине Макрадули

Јас сум известен дека премиерот ќе дојде , секој момент го очекуваме. Предлагам ние да продолжиме со пратеничките прашања.

Имено, ве молам господине Макрадули да се произнесете дали сте задоволен од одговорот добиен од Јавниот обвинител на Република Македонија, на прашањето што се однесува на постапката кој е спроведена за отуѓување на градежно земјиште, наменето за изградба на хотел во близина на Трговскиот центар “Рамстор”, ли сакате да поставите дополнително прашање .

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете

**Јани Макрадули;** Благодарам потпретседателе, иако не е тука Јавниот обвинител на Република Македонија, сакам да кажам дека не сум задоволен од одговорот што го добив од него, бидејќи одговорот е неточен. Тоа ќе го аргументирам.

Јавниот обвинител во својот одговор се обидува да не убеди сите дека компанијата за три дена изградила хотел, дека купила зграда на пошта ама дека изграден не значи дека е вселив хотелот. Што значи дека тоа што хотелот е наведен како референца дека е изграден и ќе биде отворен во декемри 2008 година, за Јавниот обвинител е доволен доказ дека хотелот е изграден од фирма, која е регистрирана само три дена, или која постоела само три дена.

Моето дополнително прашање е, во одговорот се наведуваат 4 хотели кои што наводно ги имаат завршено компанијата, која што е поврзана со македонската компанија која е победник на тендерот.

Го прашувам Јавниот обвинител дали знае дека сите 4 хотели кои што ги има наведено се со три ѕвездички, односно сите 4 хотели не ги задовлуваат условите кои беа дадени во тендерот. Тоа е една работа.

Второ, иако ова веројатно, со министерот Јанаќиески ќе го докажуваме на суд. Како е можно на 19 јули некоја групација да гарантира дека фирма која што ќе се Формира другиот ден во Македонија, направила физибилити студија за градежно земјиште зад локацијата “Рамстор”. Како е можно минисер за транспорт да биде видовит, тоа треба Јавниот обвинител да ни го одговори. Фирма со писмо на 19 јули гарантира дека некоја фирма што другиот ден ќе се формира во Македонија, направила договор и анализа на земјиште зад “Рамстор”. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

Продолжуваме со одгорови на поставените прашања.

Го молам пратеникот Хади Незири да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, на прашањето што се однесува на стопирање на изградбата на патот Драчево - Китка, или сака да постави дополнително прашање.

Дали господинот Незири е тука? (Не е)

Го молам пратеникот Зумрете Јакупи да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство за прашањето што се однесува на застапеноста на медицинските сестри во управните тела на јавните здравствени установи, или сака да постави дополнително прашање?

Госпоѓа Јакупи не е тука.

Следното прашање се однесува од госпоѓа Јакупи, која не е тука.

Го молам пратеникот Тале Герамитчиоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука на прашањето што се однесува на непостапување по одлуките на Државниот просветен инспекторат од страна на Факултетот за администрација и менаџмент на информациони системи Битола и на случувањата на Високата медицинска школа во Битола, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** 15 дена зборувавме за Законот за високо образование. 15 ефективни дена ги објаснувавме дека ректорот може да прави милион грешки и никому да не му одговара. Државниот просветен инспекторат го утрдил тоа со овој записник, кој што ми го доставивте. Поставена е за ВД директор личност која што докторирала во 2002 година, во 2003 година и се нострифицирала дипломата, а веќе била во работен однос на Високата медицинска школа и за три години откако била таму, ректорката сфатила дека таа е клучната личност која што треба да ја извади Високата медицинска школа од криза. И што направила? Ова е од записникот од просветниот инспекторат. Само неколку одредби, по оној виц, “шта зна дете шта е звечка”? Се констатира дека од страна на ВД директорот професор д-р Снежана Стоилова во меѓувреме за три години станала професор. До формираните рецензенско комисии, не се доставени документи на сите пријавени кандидати на конкурсот, туку по еден кандидат од секој предмет. Таа си избрала кого ќе го прати. ВД директорот, професор д-р Снежана Стоилова изјави дека тоа го направила бидејќи другите кандидати, таа проценила дека не ги исполнуваат условите по конкурсот. А исто така и членовите на рецензенската комисија барале истата така да постапува на тој начин за кои што нешто изјави дека може да достави и мислење на рецензенската комисија за тоа што го изјавува. Констатирале дека во академската 2005 - 2006 година по студиска програма, акушерки запишале 19 редовни и 4 вонредни или вкупно 23 студенти.

Во академската 2006 - 2007 година 21 редовен и 9 вонредни. Високата медицинска школа има запишано студенти по студиска програма акушерки, а за истата нема добиено акредитација.

Констатацијата последна, заклучни согледувања на Инспекторатот, меѓучовечките односи на Високата медицинска школа - Битола се на незадоволително ниво, за што говори и фактот што во деновите на вршењето на инспекцискиот надзор, во просторијата на административното - техничко лице имаше приватно обезбедување, неможност за свикување на седница. Наставничкиот совет од страна на ВД директорот професор д-р Снежана Стоилова оспорува мандат на членови на Наставнички совет од редот на студентите. Препораките до министерот за кој што верувам дека ќе постапи, се доследно да ја примени законската регулатива во постапката за избор на директор на Високата медицинска школа. Поминаа безмалку две години, откако ова се случува, никој не реагира, а ние со информација, која што пред девет месеци ја доставивме до ова Собрание со факти и со цитирани членови во кои што се кршел Законот за високо образование, не сакавте да го разгледате. Овој ли е аршинот на спроведување на правда и правичност на законски прописи.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Јас не сум дете, ама моето познавање на српскиот јазик не е толку големо и би сакал еден одговор што значи звечка, а можеби по јекавски има една друга изрека, или од филм извадено: сваког дана у сваком тренутку све више напредујем. Значи, колку што знам јас, ние не сме две години на власт, ако тврдите дека тоа пред две години е направено, тогаш вие сте биле заменик министер, а друг бил министер во тоа време. Уште еднаш за истото прашање пак ќе добиете одговор на писмено.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министер.

Го молам пратеникот Нежднет Мустафа да се произнесе, дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија на прашањето што се однесува на акционите планови на Владата за надминување на сиромаштијата на Ромите во Република Македонија, или сакате ва поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Нежднет Мустафа.

**Нежднет Мустафа:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Морам со сета моја искреност да ви одговорам дека сум позитивно изненаден од големиот труд

на Владата во одговор на моето пратеничко прашање на 16 страници да ми се одговори со кои алатки конкретно мисли Владата на Република Македонија да помогне во имплементација на стратегијата и Декадата на Ромите. Благодарам на исцрпниот одговор, благодарам на деталите што ги изнесовте во одговорот на моето прашање на кое што сакам сосема кратко само да се потсетиме дека одговорот од 16 страници не кореспондира со содржината на моето прашање. Но, сепак сметам дека невладините ромски организации и политичките ромски партии на ромската нет-мрежа ќе ги известам за целосниот одговор за што и добив од нив мандат да го поставам ова прашање, да се сретнат со овој одговор.

Почитувани министри, моето прашање се однесуваше на тоа, со кои инструменти и алатки Владата ќе пристапи во зголемување на своите напори во постигнување на видливи резултати во борба против сиромаштијата на Ромите во Република Македонија, произлезени и од акционите планови и стратегијата на Ромите. Вашите одговори од 16 страници, почитувани колеги и почитувани министри сметам дека повторно во круг се обидовте да одговорите на прашањето. Јас навистина сметам дека уште еднаш ќе се потрудите, како што спомнав и на претходната седница, конкретно со кои алатки смета Владата на Република Македонија да ја надмине сиромаштијата и бедотијата на Ромите засновани врз стратегијата и Декадата на Ромите.

Господа министри, не треба повторно во овие тешки судбоносни моменти на Република Македонија, да се потсетиме дека навистина е тешка, многу тешка состојбата на Ромите. Јас ве повикувам на препораките на Европскиот парламент, на препораките на Европскиот совет повторно сериозно да се зафатиме во имплементација на стратегијата и Декадата на Ромите, дека со конкретна алатка, односно мојот предлог беше во петте одделенија на имплементација на Рамковниот договор да се интегрира уште едно одделение, а тоа е одделение за имплементација на стратегијата и Декадата на Ромите. Сметам дека со тоа конкретно ќе можеме ефикасно да ги решаваме проблемите.

И една дигресија почитуван потпретседателе, бидејќи немам никаква можност преку новинарите да ја изразам и загриженоста на ромскиот народ во Република Македонија дека силно, силно верувам дека мајоритетните политички партии ќе ја надминат оваа еуфорична состојба во Република Македонија и дека Македонија ќе биде членка на НАТО.

**Благој Зашов:** Ја молам пратеничката Цветанка Иванова да се произнесе, дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика на прашањето што се однесува на вработување на несоодветни кадри во Заводот за заштита и рехабилитација Бања Банско и на условите во кои живеат штитениците во Заводот, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор претничката Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Вие го елaборирaвте моето прашање, кажавте на што се однесува. И да не губам време, би сакала да го кажам следното. Значи, не сум задоволна од одговорот кој што ми го дава министерот за труд и социјална политика затоа што, ако го прочитате одговорот ќе помислите дека има идилична ситуација, идилична состојба во Заводот за рехабилитација Бања Банско. Ми се потврди сомнежот и она кое што го тврдат луѓето кои што ја гледаат работата дека таму во Заводот Бања Банско има постојано нови и нови вработувања. Значи, самиот министер во одговорот ми кажува дека има 13 новопримени, тоа секако партиски војници во Заводот за рехабилитација Бања Банско. Уредно министерот опишал кои се условите што ги исполнуваат овие луѓе, но не видел навистина главниот услов кој што треба да го исполнува еден вработен во ваква установа дали го исполнуваат. Убаво ми одговорил министерот дека има Агенција за обезбедување и таа ќе го обезбедува овој објект до декември 2008. Но, не пишува дека оваа Агенција е партиска Агенција на ВМРО-ДПМНЕ која што сите ја знаат во нашиот регион. Убаво министерот ми опишал и ми одговорил дека одговорно тврди дека буквите на двете возила стојат на возилата, значи називот на установата. Но, јас одговорно му тврдам дека не само што стојат, туку едно од возилата се наоѓа моментално во странска држава и се користи за приватен превоз и тоа сите го знаат во мојот регион. И на крајот навистина го повикувам министерот, не поставувам дополнително прашање, туку го повикувам министерот да одиме заедно во Заводот за рехабилитација Бања Банско и од разговорот со корисниците на услугите во овој Завод за рехабилитација да утврдиме дали е вистина она што јас го тврдам, или одговорот кој што го дал министерот.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Го молам пратеникот Ацо Киров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии на прашањето што се однесува на плаќањето персонален данок на доход на приходите остварени од земјоделска дејност или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Јас можеби ќе бидам еден од ретките пратеници кој ќе каже дека сум задоволен од одговорот. Но, тоа сакам да го дообјаснам. Јас можеби сум задоволен бидејќи одговорот е искрен. Но, тоа треба и на граѓаните да им се објасни, прашањето кое што се однесуваше за регистрираните

земјоделци и за индивидуалните земјоделци. Значи, моето прашање беше, дали ќе бидат оданочени, односно, дали регистрираните земјоделци ќе плаќаат 1,5% данок на вкупен приход и дали индивидуалните земјоделци на приходот остварен од продажба на своите производи, на фирмите со кои соработуваат ќе плаќаат персонален данок на доход.

Јас добив одговор од Министерството и како што кажав задоволен сум од одговорот. Но, не сум задоволен од Министерството, односно од Владата што не им објаснува на земјоделците, ова што јас го добив. Во што се состои работата. Еве, јас сега само накратко ќе се задржам на две работи. Значи, како прво имаме искрен одговор од Министерството, дека 1,5% ќе имаат оданочување од вкупниот приход регистрираните земјоделци. Значи, тоа треба да им се каже. А за индивидуалните земјоделци кое што беше дел од моето прашање, исто така, во моментот кои се оданочуваат според катастарските приходи не плаќаат, значи не се оданочени. Но, треба почитуван заменик министер вие сте овде да им кажете на индивидуалните земјоделци дека од 1.01.2009 година дека тие ќе почнат да плаќаат персонален данок, не знам, можеби ќе има и некој друг закон во текот на годината и данок од добивка. Значи, да завршам, јас сум задоволен од одговорот, но и на граѓаните, односно на зејоделците да им се објасни тоа што сега јас го кажав, а не нон стоп да зборуваме дека тие нема да бидат оданочени.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Киров.

Го молам пратеникот Никола Рилкоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии на прашањето што се однесува на постапката за денационализација на комплексот Градиште, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Никола Рилкоски.

**Никола Рилкоски:** Во однос на одговорот делумно сум задоволен, бидејќи се работи повеќето за бројки кои што се доставени во истиот кои што во наредниот период би требало да ги проверам, односно да се проверат. И во тој дел додека трае проверката најверојатно ќе поставам дополнително прашање, меѓутоа во писмена форма повторно.

**Благој Зашов:** Го молам пратеникот Агрон Буџаку да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи на прашањето што се однесува на истражните дејствија за пронаоѓање на виновниците за убиството на лицето Сејфедин Мустафов, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Благодарам.

Господине потпретседателе, почитувами колеги,

Гледам дека госпоѓата министер е тука, директно да поставам подпрашање. Би прочитал она што е како одговор наведено за АЛФИ-те. Тука има една грешка, јас сум бил министер знам како е. Значи, службите ги подготвуваат, но какви се тие служби кога на моето прашање наведувајќи ги АЛФИ-те од членот 19 од Законот за Полиција, вели дека тоа е од Законот за внатрешни работи. А Службен весник, член 19 уредува или дефинира како треба да постапуваат АЛФИ-те. Значи имате грешка вие како Министерство.

Друго, во однос на АЛФИ-те во член 19 пишува дека заради заштита на безбедноста на Република Македонија кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем, или заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи како што се поплави, итн, директорот на Бирото може од полициски службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи.

Во одговорот се наведува дека посебни мобилни единици на полицијата функционираат на подрачјето на Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар.

Моето дополнително прашање е, дали има во овие градови поголемо нарушување на безбедноста, дали имаме поплави во Скопје, Куманово, или Тетово со малата рекичка Пена. Дали единиците АЛФИ кога интервенираа тука на 25 септември 2007 година, сликата на оној Хајландер, или излезен од бандите од Њујорк го обиколи целиот свет и СНН и ББС и Интернешнл Тајмс ја имаат таа слика, дека ние пратениците на Република Македонија бевме опкружени со луѓе без униформи, без никаква ознака, а кои личеа на филмовите на Хајландер, вие знаете кои се тие филмови и бандите од Њујорк. Дали директорот на Бирото на тој ден веднаш утвди една специјална мобилна единица на АЛФИ-те за да не спасува нас пратениците тука, или да не опкружува. Јас ви велам дека не може никакви кампањи во тие весници “инвестирајте во Македонија” да имаат ефект, како таа слика која што го заобиколи светот. Значи, барам одговор на моето дополнително прашање, дали тој ден директорот на Бирото формира една посебна единица да го заштити Собранието. И дали само во овие градови има такви нарушувања за кои што јас како пратеник не знам дека имено во градовите северна и западна Македонија има големо нарушување на јавниот ред и мир.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Буџаку.

За збро се јави министерот за внатрешни работи.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Практично пратеникот Буџаку самиот го даде одговорот цитирајки ги законските одредби врз основа на кои се формираат посебни полициски единици. Така што во интерес на времето јас нема повторно да го дадам одговорот кој тој и самиот го даде. А за конкретниот настан и за секој друг настан се прави поединечна проценка врз основа на расположивите аналитички податоци во

насока на обезбедување на јавниот ред и мир во соодветните градови.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Го молам пратеникот Ајше Селмани да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи на прашањето што се однесува на расветлување на случајот на лицето Неџми Јашари од село Одри, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани пратеници, почитувани министри,

Право да ви кажам госпоѓа министер, денот кога го поставив ова прашање и кога ми рековте дека ќе одговорите писмено, бев убедена и очекував целосен одговор, надевајќи се дека ќе соберете точни информации и ќе ми дадете поцелосен одговор, отколку она што ми го дадовте. Затоа што јас кога го поставив ова прашање, јас ви дадов многу информации, повеќе отколку во одговорот што го добив од вас. Не е точно дека не се знае точниот идентитет на лицето што го направил овој акт, како што потенцирате во вашиот одговор. Да ви дадам на знаење госпоѓо министер, општина Теарце е мала општина и дава можности секој настан што ќе се случи многу брзо да се разбере, затоа што најголемиот број од жителите се познаваат. Така што идентитетот на лицето што го направи овој настан е многу јасен и јас се чудам вие како министер и Министерството не успеавте се уште да го откриете, да го расветлите овој случај. И од овој одговор се гледа како прави напори Министерството за внатрешни работи да ги забошоти работите или пак криминалните акти што се случуваат, особено кога жртви се граѓани Албанци. Затоа што сум убедена госпоѓа министер, ако се случеше еден ваков случај во едно населено место со Македонци и жртва да беше лице Македонец, немаше да поминат пет дена, а не пет месеци и мислам дека случајот ќе се расветлеше. Во вашиот одговор давате и еден друг момент кога велите дека врз основа на податоците вие сте идентификувале еден полицаец кој што мислите дека е лицето пред очено од сведоците. Но, во разговорот со други полицајци вие рековте, или добивте доказ дека лицето во тој момент кога се случил тој настан, тој бил на работно место на Јажинце. Дали знаете госпоѓо министер дека Јажинце и Одри се одалечени 10 километри меѓу себе. Значи, пет минути со автомобил. А тоа ви се случува за еден краток период ви се случува еден ваков настан. Немам дополнително прашање. Но апелирам до Министерството за внатрешни работи за да биде коректно во настаните и заради вистината овој случај да се расветли што побрзо. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам. Го молам пратеникот Јован Гинев да се произнесе, дали е задоволен од одговорот од министерот за внатрешни работи на прашањето што се однесува на посетата на потпретседателот на Европската комисија господин Франко Фратини на Министерството за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Збор има пратеникот Јован Гинев, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам потпретседателе, почитуван премиере, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

Апсолутно сум задоволен од одговорот на Министерството за внатрешни работи од моето прашање. Немам дополнително прашање, но за јавноста би сакал да го прочитам одговорот од Министерството за внатрешни работи.

Посетата на потпретседателот на Европската комисија господинот Франко Фратини на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија реализирана на 21.02.2008 година претставуваше вистинска можност да се презентираат достигнувањата на Министерството за внатрешни работи во областа на правдата и внатрешните работи. За време на посетата од страна на господинот Фратини јасно беше изразен ставот поради кој Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во целост може да смета на европската подршка односно дека досегашната помош изразена преку бројки и проекти ќе продолжи и воиднина, бидејќи македонската полиција со своето досегашно работење истото го заслужува.

Осврнувајќи се на процесот на имплементацијата на реформите во полицијата, потпретседателот Фратини изрази задоволство од досега стореното и увереност дека реформите ќе продолжат со подршка и помош од Европската унија. Исто така, како особено значајно достигнување во процесот на усогласувањето на работата на Министерството за внатрешни работи со европските стандарди беа истакнати и реализирани активности за издавање геометриски патни исправи и други лични документи кои се карактеризираат со високи заштитни обележја, воспоставување и развивање на системот на интегрирано гранично управување кое ќе овозможи создавање на сигурни, отворени и безбедни граници, безкомпромисна борба против организираниот криминал и подготвеноста за енергична борба против сите облици на корупција, вклучително и корупцијата во рамките на полицијата.

Министерот за внатрешни работи на Република Словенија, актуелн претседавач со Европската унија, господинот Драгутин Мате, изразувајќи силна подршка на достигнвуањата на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во изминатиот период посебно потенцираше успешниот развој на граничната полиција чија ефикасност според него најдобро може да се согледа во нејзиното практично дејствување, а воедно најави и продолжување на соработката преку ...

**Благој Зашов:** Благодарам господине Гинев, за жал истекоа вашите три минути.

**Јован Гинев:** Имам уште едно прашање.

**Благој Зашов:** Извинете, не можете да продолжите. Благодарам.

Го молам пратеникот Петар Поп Арсов да се прпизнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи на прашањето што се однесува на насилното и вандалско однесување пред зградата на Конзулатот на Република Грција или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Петар Поп Арсов, повелете.

**Петар Поп Арсов:** Благодарам потпретседателе.

Јас уште на минатата седница на пратенички прашања реков дека сум задоволен од одговорот на министерката, така и од писмениот одговор кој што ми беше доставен можам да кажам дека сум задоволен. Благодарма.

**Благој Зашов:** Благодарам .

Го м олам пратеникот Ацо Киров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за внатрешни работи на прашањето што се однесува на одземање на возила од наши државјани кои се со странски регистарски таблички или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Јас и минатиот пат ког ане беше овде претставникот на Министерството за внатрешни работи односно министерката кажав дека прашањето го поставувам од името на група граѓани. Еве и овој пат од мое име јас благодарам на одговорот. Морам да кажам кој одговор го имам од Министерството, за да оние граѓани кои го побараа тоа од мене да го слушнат.

Од Министерството за внатрешни работи одговорот е дека овие луѓе немаат правосо полномошно на крајно користење и управување на овие возила кои што се со странски регистарски таблички. Значи, одговорот е тој. Јас само дополнително не псотавував прашање, туку ќе го пренесам ставот односно мислењето на оваа група луѓе до Министерството за внатрешни работи односно до министерот за внатрешни работи.

Револтот н аовие луѓе е дека после две години на увоз на овие возила односно на внесување на овие возила со полномошно во Република Македонија на граничните премини немаше реакција од Министерството за внатрешни работи. Значи, револтот кај овие луѓе е зошто не се реагирало или не биле опомнети дека немаат право да управуваат со овие возила. Тоа е едното.

Второто барање односно нивно размислување е дека барем, сега јас не знам колку е тоа законски овие возила според одговорот има некаде околу 100 возила во Република Македонија овие возила да им се вратат на сопствениците на возилата. Според нив и според Законот сопствениците треба да си ги повратат возилата, а сега јас не знам како ќе ми одговори министерката дали ќе ги враќаат овие возила на сопствениците. Значи, нивното барање е тоа, бидејки според нивните консултации со одредени правни лица дека возилата сопствениците треба да си ги повратат. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Киров.

За збор се јави министерот за внатрешни работи.

Повелете госпоѓо министерке.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Му благодарам на пратеникот Ацо Киров за дополнителните прашања. Јас во директни средби со граѓаните од изборната единица од која тој доаѓа се обидов лично да им ги објаснам законските прописи и процедурата за тоа како се постапува со овие возила и верувам дека многу дилеми расчистивме. Но, сепак Министерството за внатрешни работи и понатаму останува отворено за сите дополнителни објаснувања кои им се потребни на граѓаните, а на неговиот коментар зошто пред 5 години на граѓаните не им било укажано дали нивното постапување е усогласено со прописите, навистина со жалење ќе кажам дека прашањето треба да го упати до колегите кои седат на истата страна со него во Парламентот, затоа што тие пред 5 години ја имаа одговорноста за спроведување на законите. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо министер.

Го молам пратеникот Владо Бучковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Собранието на Република Македонија на прашањето што се однесува на ставање на дневен ред на пленарна седница на Собранието на Инфорамцијата за учество на единиците на АРМ во мировните операции надвор од територијата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Збор има пратеникот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Не сум задоволен од одговорот на поставеното прашање, затоа што некој се обидува да манипулира со прашањето што го псотавив. Значи, поставеното прашање беше пред два месеци.Прашањето не се однесуваше за инфорамција за нашите мировни операции за Мисијата што ја имаме во Босна и Херцеговина, туку прашањето беше дали е точно тврдењето дека армискиот хелихоптер кој се сруши во близина на Катланово за време на Мисијата Алтеа во Босна и Херцеговина е повлечен со одлука на Владата и учествува во операцијата што ја изведе полицијата во Бродец. Така што, не знам кому одговара да манипулира со прашањето. Вие рековте дека има одговор кој ќе

се стави на затворена седница, сега се обидува претседателот на Парламентот да ја разводни целата работа. Јас не инсистирам на отворена седница да разговараме за ова прашање, но не дозволувам некој да манипулира со одговорот на едно исклучително битно прашање кое вокраен случај ќе мора да се разгледува на Парламентот, имајќи предвид дека Државната комисија веќе ја заврши својата истрага за трагичниот настан и паѓањето на хелихоптерот на македонската армија во близината на Катланово. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Бучковски.

Го молам пратеникот Есад Рахиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски за прашањето што се однесува на реализација на проектот водоснабдување на Тетово или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Дајте и шанса на демократијата.

Почитуван заменик министер ви благодарам на одговорот што ви кажа, веројатно, патувал со министерот Ташковиќ, па му требаше една година да дојде до мене. Искрено максимално сум задоволен од техничкиот дел од договорот, затоа што сте се потрудиле и знам дека тоа е ваше дело. Она што мене ме загрижува е тоа што граѓаните на Тетово сеуште немаат вода, а веројатно ќе имаат. Тоа е првиот дел.

Втората работа, тој што го постави прашањето тогаш, бидејки читав од весник, компанијата Иднина-Делчев, не знам како кој што вие го нарековте криминалец и понатаму работи, ама сега со ваши фирми гради сали. Тоа е првиот дел.

Вториот дел кој што ќе му гоупатам на министерот за транспорт и врски, кој за жал не е тука, еден пријателски совет. Јас имав двајца другари од детството, едниот е Јаре и вели фрли им позади добро, да најдеш напред подобро, а вториот е Михаил Баришников доаенот на маедонското разузнавање со кој што се видовме и рече дека старите приателства не смеат да се заборават. Затоа, ќе дадам еден генерален совет. Во рамките на вашите надлежности, стопирајте го овој генерален урбанистички план. Знам дека имате можност и не трошете пари за работи за кои што некој ќе одговара. Не градете кули вавилонски и оние семаримирани градини и божји храмови каде што ќе ги испаштате вашите гревови, туку инвестирајте во затворите. Проширете го Идризово, затоа што на крајот на игранката доаѓа конобарот во ликот и делото на Шврговски или некој друг ја носи сметката. За таа сметка ќе ви требаат вас господо што сега работите воудобни канцеларии, може и со лаптоп, може и џакузи и слично, уште еднаш не ги трошете така државните пари. Благодарам и не барам дополнителен одговор.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Рахиќ.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда на прашањето што се однесува на можноста за користење на правото за ослободување од плаќање на трошоците на постапката на жителите од село Думановце или да сака да постави дополнително прашање.

Повелете господин Анастасовски.

**Иван Анастасовски**: Благодарам почитуван потпретседателе.

Господин премиер, господа министри, колеги пратеници.

Ќе ми дозволите, потпретседателе, малку да излезам од она што беше моето пратеничко прашање, бидејќи јас на истата седница поставив уште едно пратеничко прашање кое беше многу побитно да добиеме одговор денес на денешната седница, бидејќи премиерот господинот Никола Груевски рече дека вторникот ако добро се сеќаваме ќе се види со дел од луѓето од претпријатијата од општина Куманово. Претпоставувам дека таква средба имало и затоа според мене беше многу побитно тоа денес да го имаме како дебата во интерес и ваш почитуван премиер. Во интерес и ваш, во интерес на сите оние колеги пратеници кои доаѓаат од општина Куманово, но за жал да бидеме отворени и објективни Република Македонија од Охрид наваму функционира по договор. Охридски договор, мајски договор, мартовски договор и највероватно ќе мора после Самитот, почитуван премиер, да правиме Кумановски договор или договор за Куманово за да ги решиме овие работи. Бидејки, тие што не свиркаа на две години од нашата прослава на општинската организација во Куманово кои не свиркаа и тоа го имаше во медиуми, денес бараат пак да им помогнеме. Јас да им помогнам, но за жал не сум моќен. Објективно ќе мора да правиме еден таков договор после Самитот, за да успеам да им помогнам на тие луѓе, а нека свиркаат не е проблем без оглед на тоа кој ги организира. Ова беше надвор од ова што беше ред, почитуван потпретседателе.

Конкретно за одговорот јас сум задоволен. Тука се цитира дел од Законот за парнична постапка, тие луѓе ни се јавија вчера, бидејки тие го добиле одговорот, почитуван заменик министер за правда. Тие луѓе се видоа со вас и разговараа со вас.

Дали можеме конкретно, со оглед на надлежностите на Министерството да им го решиме проблемот или не и со тоа овој проблем ќе го ставиме на страна. Дали можеме објективно и искрено да го решиме проблемот или не можеме. Треба д абидеме коректни кон тие луѓе. Значи, ова е нешто во вид на дополнително ако може да се даде одговор. Дали можеме тоа да го решиме на луѓево,не да цитираме закони дали можеме да им го решиме или не можеме. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Анастасовски.

Имаме двајца пријавени. Дали се работи за процедурални прашања.

Повелете господине Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Мојата процедурална реакција се однесува на еден принцип кој е процедура на демократијата. Тоа е еден од основните принципи. Сега, ве молам, добро е што не е и претседателот. Ве молам господине Зашов да ме сослушате.

Ако јас имам дополнително прашање, претставник на Влада на кому тоа прашање е упатено,не може да манипулира во својот одговор. Јас имав дополнително прашање и ќе инсистирам на тоа прашање да добијам одговор. Не можеме ние тука во Собранието како што се работело во последно време да дозволиме да се етаблира еден нов систем, систем на извршна демократија. Значи, сите во држава Македонија да бидат извршители на волјата на одреден куп луѓе во извршната власт. Не може никој да ни наметнува и да ни каже вон процедурите и системот како и што треба да работиме.

Моето дополнително прашање е во врска со добиениот писмен одговор и дополнително на Министерството. Кој во Министерството за внатрешни работи или во Владата оценил дека има спрема членот 19 на Законот за полиција, кој е изгласан против нашата волја, кој во Владата или министерката утврдиле дека во Скопје, Куманово, Гостивар и Тетово има големи нарушувања на јавниот ред и безбедност или има поплави. Според тоа кој продолжува да ги ангажира Алфите. Кој на 25, ова е точно прашање, ве молам за точен одговор. Не манипулација ја сам ќе одговарам. Кој на 25 септември 2007 година утврди дека има големо нарушување на безбедноста и ги ангажираше Алфите да не опколат тука во Собрание и таа слика се појави во сите важни светски медиуми и нанесе толку голема штета на Македонија што никакви скапи кампањи што ТАЈМС и ББС не можат да ја надоместат. Кој тој ден утврдил дека има зголемено нарушување на безбедноста и ве молам ова да се одговори во законски рок или во рокот спрема процедурите од 10 дена.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Буџаку.

Вие побаравте да ви се одговори дополнително. Дали министерката сака сега да земе збор?

Повелете госпоѓо министер.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам. Ако добро го разбрав пратеникот бараше дополнителен писмен одговор. Во ред. Согласно барањето на пратеникот, ќе добие таков одговор.

**Благој Зашов:** Ќе добиете дополнителен писмен одговор.

Имаме уште еден пријавен за процедурално, господинот Ружди Матоши.

Повелете господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседател.

И јас имам кратка процедурална забелешка. Не ми е одговорено на едно поставено прашање еве еден месец, а Министерството за правда требаше да ми одговори на едно поставено прашање во врска со еден затвореник кој невино се држи затворен во затворите во Република Македонија. Се доделија и неколку награди за новинари и токму еден новинар ја доби наградата затоа што ја направи транспарентна неправдата направена на затвореникот Ибраим Сулејмани. Борис Георгиевски доби награда токму поради овој случај.

Министерството за правда верувам дека ја знае суштината на прашањето кое го поставив, во времето кога Бранко Црвенковски беше премиер, Хари Костов беше министер за внатрешни работи, господинот Иџет Мемети беше министер за правда, кога е приведен и осуден на 15 години затвор Ибраим Сулејмани, а во пресудата учествуваа судијата, обвинителот и само адвокатот ШпендеВаја, друг немало присутен во таа канцеларија. Тогаш му е изречена казна без сведоци и кршејќи ги сите одредби и норми на законите, каде судот беше изолиран случај и не транспарентен. Судењето требаше да се одржи во судот во Тетово, а тој се одржал во судовите во Скопје.

На овој начин сакам од Министерството за правда најмалку да ми одговори зошто не ми е одговорено на ова прашање, од причина што Хари Костов, Иџет Мемети и другарот на Теута Арифи кој се вика Шпенде Ваја, адвокат и е внесен во корупција треба да одговорат за овој случај, затоа што се направени законски прекршувања, а човекот залудно е затворен во затвор. Би замолил сите државни институции да се позанимаваат со овој предмет и човекот да има свое право затоа што треба да инсистираме на правдата и работата на дојде на свое место. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За збор се јави заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Му благодарам на почитуваниот пратеник Ружди Матоши за поставеното прашање.

Апсолутно точен е податокот дека на 103-та седница на Собранието на Република Македонија имаше поставено пратеничко прашање во врска со наодите кои самиот ги изнесе.

Сакам да го информирам почитуваниот пратеник дека согласно Уставот и законите, Законот за судовите, таквите информации точно е дека Министерството за правда ќе му ги презентира, но откако претходно ќе добие информација од надлежниот суд. Бидејќи во конкретниот случај станува збор за осуденото лице Ибраим Сулејмани, Ќамил Ќамили и други, постапката која што се водела пред Основниот суд Скопје 1, по добиената информација од надлежниот суд ќе му

ја препратиме информацијата и пошироко образложение до почитуваниот пратеник.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Уште еден пратеник е пријавен за процедурално прашање. Инаку, ова е седница за поставување пратенички прашања, не знам дали е поврзана со оваа седница.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Токму во тој правец почитуван потпретседателе, па и јас поставив дополнително прашање и во меѓувреме не добив одговор. Прашувам да не излеговме малку од Деловникот? Јас не добив одговор, се јавија други двајца пратеници за процедурална забелешка, почнаа за ШпендеВаја, почнаа за некои натписи во медиумите и повторно согласно Деловникот не добив одговор на дополнителното прашање што го поставив, ако добро се сеќавате.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господине Анастасовски.

Колку што разбрав, ќе добиете позитивен одговор на дополнителното прашање, или заменик министерот за правда се пријави за збор.

Повелете господине заменик министер.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Пратеникот деловнички е сосема во право што реагира на овој начин, затоа што во меѓувреме друг пратеник се јави за дискусија, иако јас бев пријавен да одговорам на дополнителното прашање.

Што се однесува до дополнителното прашање на почитуваниот пратеник Иван Анастасовски, дали навистина еднаш засекогаш ќе се реши овој проблем со раселените лица, апсолутно се согласувам со неговата констатација и притисокот што и тој, и не само тој, туку и целата македонска јавност го има со таквата група раселени лица, сакам да истакнам дека во писмениот дел што го доставивме на почитуваниот пратеник, што се однесува на законскиот дел и околу ослободувањето од судските такси за раселените лица кои повеле судски постапки пред надлежните судови, нема отстапка од таа законска одредба.

Што се однесува до другиот дел, објективно што понатаму, дали навистина ќе се реши тој проблем, сакам да ве информирам дека Владата на Република Македонија презеде сериозни чекори за решавањето на оваа проблематика на раселените лица, така што на една од седниците на Владата на Република Македонија беше формирана комисија која детално ќе отпочне да ги разгледува овие проблеми и имам впечаток и убеден сум дека ќе се стави крај на оваа проблематика со раселените лица. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Има уште едно процедурално прашање.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, сакам јавно да протестирам заради начинот на кој Владата, и покрај ветувањето на премиерот, не го испрати одговорот, ако требаше и класифициран за начинот на кои беа потрошени 10 милиони евра, кои беа земени од Министерството за одбрана за потребите на Управата за безбедност и контра разузнавање.

Во меѓувреме, по поставувањето на моето прашање и даденото јавно ветување, што може да се види од стенограмот, на премиерот Груевски, се случија неколку чудни работи.

Како прво, обидот дел од медиумите да ја следат трагата на едно пратеничко прашање заврши со закани од Министерството за внатрешни работи дека ако обелоденат било што ќе одговараат согласно Законот за безбедносни и класифицирани информации, начинот на кој се обиде Владата да го заплаши и нашиот амбасадор во НАТО.

Уште еднаш протестирајќи за нетранспарентниот начин на кој Владата се обидува да скрие една информација, каде веќе се потврдени информациите дека најмалку три милиони евра се потрошени за играчки кои не можат да се видат ни во филмовите Џемс Бонд, можеби во најновиот што се снима и во октомври ќе биде промоција. Но веројатно во овој период кога пред се Владата ја интересира што мисли ВМРО-ДПМНЕ, што мисли ДПА, што мисли оваа лева страна, наголемо се користат дел од џемсбондовските играчки кои оделе до таму што не биле само пенкалата, копчињата, очилата, туку и дел од средства за прислушување кои може да премостат и пречки, како што е ѕид. Да одам јас со таков еден елемент што го немам, да слушам што од време на време прави премиерот кога ќе излезе од оваа просторија. Тоа е недопуштено, посебно во овие моменти и начинот на кој сакате да ја скриете оваа работа уште повеќе го зголемува сомнежот дека се прави нешто да се набават недозволени средства. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Бучковски.

Сега преминуваме на поставување пратенички прашања.

Според распоред што мене ми е даден прв да постави пратеничко прашање е господин Јован Манасијевски.

Повелете господине Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине премиер, почитувани членови на Владата,

Дозволете ми да ги поставам своите три прашања, сите се до претседателот на Владата.

Имено, ЛДП ценејќи ја сложеноста на ситуацијата и несакајќи да одмогне во водењето на овој тежок преговарачки процес во целиот изминат период се воздржуваше, крајно се воздржуваше од било

какви оценки или квалификации. Меѓутоа, времето повеќе одминува и имајќи ги предвид роковите и фактот дека Самитот во Букурешт започнува во среда, веќе крајно се исцрпени сите рокови за една нужност, што според сите пишани и непишани правила мора да се случи во Парламентот. Значи мора да имаме расправа и став во Парламентот во однос на позицијата со која, вие господине премиер, ќе настапите во Букурешт.

Прво, сакам уште еднаш да подвлечам дека свесни сме дека имате извонредно тешка и одговорна улога во извонредно тежок момент, меѓутоа, токму затоа вашата позиција пред Самитот во Букурешт мора да биде доставена, презентирана јасно во Парламентот и врз основа на соодветна дискусија во Парламентот вие да добиете насоки за ваш настап на Самитот. Секое друго поинакво сценарио би значело изместување од она што е стандард и практика и би значело, според моето мислење, преземање на многу поголема одговорност од ваша лична страна отколку што реално може да го издржите.

Значи барам од вас многу јасен одговор, бидејќи роковите истекуваат, расправа во Парламентот може да имаме во недела и во понеделник, тоа се последните рокови, расправа во Парламентот се разбира најдобро е да имаме врз основа на предлог на Владата. Има иницијативи од група пратеници, меѓутоа, тоа не би било коректно и на крајот на краиштата цела таа расправа би била изместена. Логиката наложува токму најодговорните во овие преговори да излезат со информација и со предлог позиција пред Парламентот.

Барам од вас прецизен одговор дали во недела или во понеделник ќе побарате седница на Парламентот на која ќе биде дискутирана позицијата која ќе ја застапувате на Самитот бо Букурешт. Дури, и да немате конкретен предлог или конкретен став и да се определите за опција пост фестум да барате после Самитот верификација од Парламентот, што исто така е возможно како опција, вие рамка за вашиот настап мора да добиете од Парламентот. Друга алтернатива нема.

Да не должам повеќе и да бидат сватен добронамерно, точно и прецизно, мојата интенција е да се зајакне вашата преговарачка позиција со став во Парламентот врз основа на претходната расправа, вашата позиција на Самитот во Букурешт ќе биде зајакната.

Значи мора да има расправа во Парламентот во овие рокови, не може или би било многу погрешно таа да се свика ден пред Самитот во вторник и на Парламентот за расправа да му бидат на располагање само неколку часа, затоа што господине претседателе, таа расправа не може и не смее да биде чисто политичка расправа. Одлуката што ќе се донесе е политичка, еминентно политичка затоа што сите ние сме избрани да донесуваме одлуки, меѓутоа, расправата мора да биде заснована и Парламентот мора да има увид и во основните преговарачки позиции кои се засновани на соодветни експертски мислења. Јас се надевам дека вашите преговарачки позиции се засновани на експертски ставови, затоа што во разговорите се отворија редица прашања, прашања кои бараат експертско мислење од аспект на Меѓународно право, од аспект на Уставно право, од аспект на дискурсот на идентитетите, од аспект на самото водење на преговори. Во овој период за жал не видов дека позади преговарачот Димитров стои еден поширок тим и едно пошироко образложение на овие клучни позиции и би ве молел во расправата во Парламентот која ја очекувам на Парламентот да му биде предочен материјалот по основ на овие неколку крупни проблемски сектори врз основа на кои вие ќе му предложите соодветен став на Парламентот.

Второто прашање кое сакам да ви го поставам се однесува на еден брифинг кој го одржа вашата политичка партија пред неколку дена, кој беше пренесен во повеќе медиуми и основната порака од тој брифинг беше дека, доколку во Парламентот се случи некакво сценарио за изгласување на компромис на позиција во однос на проблемот што го имаме, дека е можно “случување на народот”.

Бидејќи се работи за официјален брифинг од ваша партија, потврден од неколку медиуми, прво сакам да констатирам дека крајно е необично клуч на стожер на владеачка партија, чиј претседател е премиер, да најавува вон институционална борба, значи крајно е необично.

Второ, крајно е опасно, затоа што за жал постојат такви режими низ светот кои комбинираат состојба на владеење институционално со вон институционални методи. Меѓутоа, искрено се надевам дека Република Македонија не е таква и дека не може да биде таква.

Ве молам за ваш став дали вие се оградувате од овој брифинг што беше извршен во вашата партија пред неколку дена и што беше пренесен во неколку медиуми.

Третото прашање господине премиер: пред два месеци, пред повеќе од два месеци и неколку недели пред декларацијата за независност на Косово ЛДП побара од Владата правовремено да пристапи кон регулирање на односите со новата држава Косово. Не само што побаравме, туку и дадовме конкретен предлог кој се состоеше во тоа Владата да пристапи кон изготвување на договор за добрососедство, пријателство и долгорочна соработка, кој што би бил потпишан меѓу двете влади и ратификувам во двата парламента. Клучните документи на тој договор треба да бидат: прашањето што нас најмногу не засега и што засега единствен отворен проблем, демаркацијата на границата, меѓутоа, и други стратешки долгорочни прашања како што се соработка во енергетскиот сектор, затоа што единствените патишта кои можат на Косово да му

овозможат влез на енергенси како нафта и гас водат преку Република Македонија, а исто така постои взаемен интерес во енергетска соработка врз основа на големите резерви на јаглен кои постојат во таа новонастаната држава и се разбира низа други прашања во редот на транспортната инфраструктурна политика во кои двете држави би имале взаемен интерес.

Позицијата на ЛДП која тогаш ја промовираше и од вас побара да се заземете за неа беше дека е многу подобро со новонастаната држава која допрва ќе се соочува со проблемите на градење на институции да имаме целосен рамковон договор, отколку да се договараме на парче тогаш кога ќе се појават проблеми, а проблеми ќе се појавуваат прво затоа што е нормално меѓу два соседа да се појавуваат проблеми и од време на време, второ, затоа што ситуацијата во Косово од низа аспекти, а тоа е потврдено со низа извештаи, не е ситуација каде што владее потполно ред, поредок и која може да биде благопријатна. Значи тоа е една ситуација која е во константно движење, каде што се можни многу опасности и оттаму интерес на Македонија е да има целосен договор.

Затоа ве молам, бидејќи не сте се произјасниле и како што ми изгледа работава ние ќе работиме на парче, значи ќе одиме проблем по проблем, меѓутоа ве молам за ваш став во однос на овој предлог, дали мислите дека таков договор е добро решение и дали ќе пристапите кон соодветна подготовка на таков договор. Благодарам за вниманието.

**Благој Зашов:** Благодарам за поставените три прашања кои се упатени до премиерот.

Дали господинот премиер се јави?

Повелете господине Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам, благодарам на прашањето на господин Манасијевски.

Во врска со првото прашање за кое сега сум повикан да одговорам сакам да кажам дека се работи за едно прилично суптилно прашање, исклучително сензибилно, поставено и во сензибилен период. Прашањето е во правец дали Владата ќе покрене расправа пред Парламентот. Би рекол со внимание ќе го земеме предвид мислењето на господинот пратеник и ќе постапиме онака како што ќе оцениме дека е најдобро.

Засега толку би зборувал, бидејќи ценам дека во овој момент секој збор повеќе би можел да направи некаква штета, така што сакам да ве уверам дека ќе го направиме она што е најдобро, што веруваме дека е најдобро за сите нас, за Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Дали господинот Манасиевски има дополнително прашање.

**Јован Манасиевски:** Благодрам.

Господине премиер, потполно ја разбирам и оправдувам вашата воздржаност, меѓутоа моето прашање не се однесуваше на супстанцата на тоа што ќе го понудите, на вашиот став, на неговиот квалитет и на неговата издржаност. Едноставно се однесуваше на прашањето дали вие сметате дека можете да одите во Букурешт без претходна расправа во Парламентот. Значи јас немав ниту намера, ниту сакам да навлегувам во она што вие ќе го предложите пред парламентот. Меѓутоа, моето прашање беше многу прецизно и само во тој дел барам одговор. Дали сметате дека можете да отидете во Букурешт без претходна расправа и став од Парламентот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Манасиевски.

Нема одговор на второто дополнително прашање.

Одиме на второто прашање, околу брифингот на ВМРО ДПМНЕ. Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Првото прашање кое е прашање а истовремено и сугестија, се разбира дека ќе го имаме во предвид и дека ќе направиме се што е во наша моќ да излеземе со што е можно подобри позиции по ова деликатно прашање за Република Македонија и на најсоодветен начин за една демократска држава.

Второто прашање беше поврзано со некаков брифинг, брифинг на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Јас би кажал дека овде сум присутен како претседател на Владата на Република Македонија и не би сакал да коментирам никакви бригинзи на било која политичка партија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине премиер.

Дополнително прашање има господинот Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине премиер на одговорот кој што дефакто не е одговор затоа што вие сте избран како премиер од позицијата на претседател на најбројната партија во Парламентот. Вие не сте експертски премиер.

Од вашиот одговор можам да разберам дека вие или не знаете или немате контрола што брифираат во вашата сопствена партија, или пак дека со одбегнување на одговорот вие прећутно одобрувате закани со вонинституционални притисоци и со дефакто притисоци директни врз пратениците што беа најавени во тој брифинг.

**Благој Зашов:** Има збор премиерот Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Јас уште еднаш ќе повторам дека како претседател на Владата сакам да не се инволвирам и да одговарам во Парламентот за партиски брифинзи. Само ќе кажам дека ВМРО ДПМНЕ во секоја ситуација ќе постапи согласно законите, Уставот и согласно она што го налага секоја нормална демократија. Благодрам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине премиер.

Има и трето прашање кое го постави господинот Манасиевски, а се однесуваше на односите со Косово и предлозите што се дадени од нивната партија.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Би кажал дека ние како држава имаме една нормална комуникација со Косово, во однос на трговската размена, економската размена, сообраќајот, енергетиката, и другите сектори.

Предлогот на почитуваниот пратеник за склучување на некаков рамковен договор, со внимание ќе го разгледаме. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине премиер.

Сега би го прашал господинот Ѕинго дали се јавува за процедурално прашање иако ова се пратенички прашања и според Деловникот нема процедурални прашања, бидејќи влеговме во поставување на пратеничките прашања. Процедуралните прашања се поставуваат пред дас се тргне со пратенички прашања.

За збор односно за поставување на пратенички прашања се пријави пратеникот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Го почнувам разговорот од место, бидејќи оваа документација е значајна симболика, да се фотографира.

Сега ќе излезам на говорница и ќе кажам зошто ќе кажам.

Моето прашање е до премиерот и до министерката за внатрешни работи.

Јас имал мал внук од година ипол и еден ден кога бев дома најдов куп листови хартија пред мојот дом. Ги земав и видов еден многу значаен документ и за тоа ме интересира што мисли премиерот и што мисли министерката и дали е во состојба министерката да го потврди овој документ.

Станува збор за една одлука донесена во 2003 година на 17 март, а се однесува на Правилникот за вршење на работите од Управата за безбедност и контра разузнавање.

Има предлог од Втората управа, началникот на вториот сектор на УБК, под евидентен број 164, на 17.03.2003 година, донесено е решение за заведување во оперативна обработка за лицето Тачи Ачан Мендух, роден 3.03.1965 година, државјанин на Република Македонија, по машко Република Македонија, занимање стоматолог, работна организација, приватен бизнисмен.

На 7.03. 2003 јас сум бил пратеник и не формален лидер на опозицијата кај Албанците.

Лицето ќе се води под псевдонимот креатор.

Образложение.

Од податоците и образложението на предлогот, евидентен број 164 од 17.03.2003 година, одобрен од началникот на Вториот сектор на УБК, се констатира дека постојат основни сомненија за лицето Тачи Асан Мендух дека спроведува против уставни активности, политички екстремизазм, албански иредентизам и сепаратизам, Ранковиќ - Али Ахмети - Милошевиќ, се по ред.

Со оглед на изнесеното решение исполнети се условите од член 12 од правилникот за вршење на работите на УБК и член 34 од Упатството за вршење на работите на УБК, поради што е решено како во диспозитивот на ова решение.

Примерокот од ова решение да се достави до оргнизационите единици за истражување и информирање, заради формирање на досие, заради формирање на досие, заради формирање на досие, согласно член 42. Директор на УБК Зоран Верушевски.

Сега би го прашал мојот другар господинот Бучковски, поранешен премиер, како се чувствува, дали му е срам, жал, или страв.

Господинот Ахмети не е тука и него би го прашал, иако нема што да го прашам.

За мене беше јасно од 2001 година дека Али Ахмети е само нов инструмент на неговиот дедо и прадедо, Александар Ранковиќ. Продолжува и натаму да биде таков.

Јас мислам дека за оваа ситуација ќе имаме многу работа. Ќе ги испочитувам институционалните системи и ќе барам во тие системи, преку законот и Уставот, да дојде до крајот на оваа работа. Лично ќе дадам жалба за да си ја заштитам својата приватност, интимност, кршењето на елементарните човекови права, дури до Стразбур.

Тие документи што се таму, се новото досие од 2003 година.

25 години, ако не се смета тоа кога не сум бил полнолетен, 15 години ми имате формирано досие, 1984 - 1989; 1993 - 1998 и сега уште едно досие.

Јас сум искусен политичар и малку е ненормално да зборувам со емоции за оваа работа. Јас имам деца, имам жена дома, и женами беше прислушкувана и браќата. Сите бевме шиканирани последните четири години. Не само последните четири години, туку 15 години. Само можам да ветам дека другите луѓе што се тука, од мое име ветувам дека јас никогаш нема да злоупотребам лични работи што има во тие документи. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Тачи.

Има збор министерот за внатрешни работи.

Повелете госпоѓо министер.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Господине Тачи, внимателно ве следев и ако тоа што го кажавте е така како што кажавте, ова е

скандалозно за Република Македонија. Ова е пораз за една држава која со најголема напор во сите овие години се обидува да гради демократија. Ова е пораз за една политичка опција која не успеа да се трансформира.

Јас денес нема да дадам одговор на вашето прашање, бидејќи за вакви сериозни работи треба сериозна анализа и сериозна проверка, но отворено ве поканувам уште утре во Министерство за внатрешни работи , да ви ги ставиме на увид сите документи кои вие ги цитиравте, да видиме што од ова што вие го кажувавте е издржано, кој постапувал надвор од она што значи почитување на човекови права, надвор од она што значи демократија.

Ве поканувам да извршите увид во целата документација која постои во Министерство за внатрешни работи, по однос на ова прашање.

Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо министер.

Дали има дополнително прашање.

Повелете господине Тачи.

**Мендух Тачи:** Има 120 копја од решението и да ги дадете на пратениците.

Јавно барам од Јавниот обвинител да покрене законска постапка.

Барам од вас господине премиер, човекот што ја има фирмата тука, кој според мои информации сега работи во Рим, како претставник на Агенцијата за разузнавање, по законски норми, да се повика да се врати назад.

Исто така, барам, потпретседателе, во најкраток можен рок да се формира анкетна комисија во Парламентот на која не мора да бидам член, и комплет да се истражи оваа ситуација.

Гледам дека некој се смее за оваа работа.

Мислам дека заслужено многу луѓе ќе настрадаат за оваа работа, не лично од мене, туку по закон.

Ова што е направено е против уставно.

Мислам дека исто така господинот Бучковски ќе биде во својство, се надевам, од државните институции, а ако не од државните институции, од мене лично, приватно, ќе биде во својство на обвинет или сведок.

Мислам дека поранешните премиери, имаше двајца, исто така ќе се најдат на обвинителна или во друга клупа, потоа министрите за внатрешни работи, директорите на УБК, затоа што не е само господинот Верушевски директор, туку досието е затворено на 22.01.2007 година, со Одлука и потпис на Сашо Мијалков, сегашниот директор.

Исто така, господинот Зечевиќ, кој беше наследник на господинот Верушевски ќе се најде на обвинителна клупа или на друга клупа.

Само сакам да укажам, да нема вознемирување затоа што јас нема да ја употребам мојата моќ, лична, семејна, партиска, да се справам со оваа работа. Препуштам на законот. Јас само преку институциите и по закон ќе ја истерам оваа работа.

Се надевам, утре или задутре госпоѓа министерке ќе ме примите, бидејќи јас сум член на Парламентарната комисија за контрала врз ДБК и Агенцијата за разузнавање. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Тачи.

Одиме понатаму со поставување на пратенички прашања.

Збор има господинот Бучковски со неговите три прашања односно 10 минути.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе испадне дека имаме некој договор со претходниот соговорник, затоа што рече дека сме другари. Затоа ќе почнам со коментар на тоа што ќе го каже тој после мене, затоа што сметам дека се она што говорите во овој момент само значи одвлекување на вниманието од главниот проблем што го има Република Македонија.

Не откривте вие ништо господине Тачи, дека Министерство за внатрешни работи е вон цивилна и демократска контрола. Вие може да тврдите, јас не се плашам, ме обвинувате за се и сешто, ќе изберете односно обвинителот ќе избее дали ќе бидам обвинет или сведок. Но како и да е, некој од оваа страна дебело ќе одговара за велепредавство, ако сега не ја искористима шансата што ја имаме. За тоа можеме да разговараме ние, иако сме крајно коректни.

И ова што го кажа Манасиевски отстапи од ставот на СДСМ, но беше доволна провокација за мене да го прекршам договорот за конструктивност, затоа што со вас не вреди човек да биде конструктивен. Вие се обидувате сега да правите други драми и драмолетки, само да побегнете од одговорот на клучното прашање, имате ли капацитет да ја внесете Република Македонија во НАТО, или повторно ќе си играме со вашите дворски игри. Јас не сакам да бидам дворска луда, како што некој прифатил да биде.

Отворено сега овде ќе ве прашам, дали имате намера да разговараме сериозно, што се случува во нашата држава, сакате пред Букурешт или после Букурешт. Изборот е ваш. Манасиевски ви понуди фер варијанта вие да изберете кога сакате да разговараме. Ќе разговараме за се и сешто. Јас и претходно што прашав, испадна дека сме се договориле и се плашеа, меѓу другото, дека сме се договориле пак господине Тачи. Се плашеа дека сме се договориле, после некои ваши изјави, а договорот ќе го направиме овде голем, сакаме ли да направиме европска Македонија. Во европска Македонија, ова што вие го говорите не смее да се случува, како што многу работи денес што се случуваа, иако не сте заведени таму на списокот, јас ќе ви дадам исписи, колку некои комуникации ваши, на опозицијата и на ВМРО ДПМНЕ денес се интерес. Значи, ова е посхофистицирано ВМРО ДПМНЕ. Ова е

инфорбиро од невидени размери. Вие тоа го знаете. Ваква страв во Влада во нашата држава немало и затоа дојдовме до ова дереџе. Вие можете да го одвлекувате вниманието од актуелните проблеми и д говориме за тоа. Ќе говориме за се и сешто, но не смее да се амнестира денешната ваша позиција. Вие сте дел од една недемократска Влада која ја погази демократијата. За тоа ќе говориме, ќе ви дадаме уште шанса, да не ги поткопуваме нашите позиции. Тврдиме сега, иако гледаме дека не се исти аршините. Албанија сигурно влегло во НАТО, иако има длабока политичка криза, иако Републиканската партија не е таму, иако секој ден опозицијата бара Бериша да си замини, што може и да си замине, но тоа е демократија. Тоа повеќе го ценат отколку ова што ние тука го глумиме. Ние реално глумиме демократија. Ние глумиме опозиција, вие од ДПА не знам што глумите, ДУИ не знам што глуми, сите нешто глумиме. Најмногу ги жалам овие во средината, овие статисти овде што седат. Сите нешто глумиме, а не сакаме да разговараме. Дури и ова го правиме денес пародија. Ова не требеше да биде ваква седница. Но бидејќи даваме време државниот врв да изгради консензус ајде да говориме за консензус.

Ова не требаше да биде ваква седница, но бидејќи даваме време државниот врв да изгради консензус, ајде да говориме за консензус. Едно прашање за енергетиката, значи нервозата потпретседателе е видлива, статистите одвреме навреме може, затоа што е така во сценариото и да кажат дека нешто.

**Благој Зашов**: Повелете со прашањата господине.

**Владо Бучковски:** Значи моето прашање е во врска со консезусот.

На 4 дена сме пред Нато самитот. Не говориме за позицијата на Владата зашто чекаме, Владата размислува како што рече претходно претседателот на Владата на прашањето на пратеникот Јован Манасиевски, размислувањата одат во правец да направи што е најдобро за Македонија.

Јас ги подржувам да ги повлечат потезите кои се најдобри за Македонија. Ги подржувам да ги повлечат тие потези и сум љубопитен да чујам кои се тие потези. Дали се добро намерни ќе знам, да речеме не е ова ребус прашање, ќе го прашам директно Претседателот на Владата.

Дали го надмина проблемот или суетата со тоа што ќе прифати во Букурешт шеф на делегацијата на Република Македонија да биде претседателот на државата Бранко Црвенковски, кој согласно со уставот ја претставува државата во меѓународните односи. Согласно нашата традиција на Прашкиот самит во 2002-та шеф на делегацијата беше тогашниот претседател, а сега покојниот Борис Трајковски, а членови на делегација беа министерот за одбрана и министерот за надворешни работи Бучковски и Митрева. На самитот во Истанбул во 2004-та шеф на делегацијата беше претседателот на државата Бранко Црвенковски, членови на делегација беа министерот за одбрана и министерот за надворешни, Бучковски и Митрева.

Дали сега прифаќа заради тоа што искуството е на страната на Претседателот и во овие критични и чуствителни моменти наместо тој затоа што веќе беше евидентно дека по средбата на народните конзервативни партии не го удостои премиерот на Грција Караманлис да има директна средба со него дали ќе прифати далеку поискусниот Црвенковски ако има потреба за време на Букурештанскиот самит да ги води завршните разговори ако дотогаш не постигнеме компромис. Значи тоа е хипотетичко прашање, не ребус прашање од кое ќе знам јас дали сакаме ние да градиме консензус или дали реално..

(претседавачот ги опоменува пратениците со ѕвончето)

потпретседателе некој што ни кажа вчера што треба да правиме претседател на една партија која е во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, дозволете да биде демократ и да покаже дека можеме ние од овде од говорницата да правиме демократска контрола врз работата на Владата.

Тоа е значи моето прво прањање.

Второто прашање: Почитуван претседателе на Владата, очигледно дека во политчките води не се снаоѓате, но тврдевте дека во економијта имате рецепт како Македонја да ја извадите од економската криза и тврдевте дека 19-20 месеци живееме како да сме Швајцарија, за да вчера ја добиеме информацијата дека вашиот потпредседател на партиските трибини кои ги прави во пресрет на предвремените избори говори за економска криза. Зарем деветнаесет месеци не лажевте што говорите вчера, завчера во Охрид и охридските села повторно за криза, а јас ќе ви кажам дека не да е длабока кризата туку е ептен длабока, заради тоа што клучните ваши проекти што треба да ја подобрат бизнис климата и да го зголемат присуството на странски инвестции во Република Македонија не може да ја остврат целта, заради коруптивни и лукративни елементи.

Веќе популарниот мистер тендер, кој веќе даде јавно изјава дека нема ништо заедничко со изгадбата на ХЕ"Галиште " и "Чебрен", а е посочен од некои кругови кои се знаат во оваа наша држава треба да дадат одговор како е можно да распишеме тендер за изградба на "Чебрен"и "Галиште", каде што во пакет ја даваме и хидроелекраната "Тиквеш", која во овој момент произведува околу 200 гигават часови енергија, по пазарната цена во овој момент отприлика 100 евра, тоа значи дека произведува електрична енергија во висина од 20 милиони евра, распишувате тендер каде што давате концесија на 70 години под претпоставка дека нема да се покачат овие цени, вие ќе му дадете некому

бакшиш 1,4 милијарди евра, а барате инвестиција за “Галиште” и за “Чебрен” од 600 милиони евра. Кој е овде премиере луд, а кој е збунет? Кој дозволува на овој начин како што сакавте со ТЕЦ “Неготино” каде што самата ладна резерва која годишно требаше да обезбеди профит на тој условно речено што ќе ја купи за да и биде дадена бакшиш, истата методологија проверена само во Република Македонија ја применувате овде.

Значи, може ли некој да даде разумно образложение зошто ХЕЦ “Тиквеш”, која вреди во овој момент на годишно ниво 20 милиони, ја даваме на некого на 70 години бакшиш очекувајќи дека ќе бидеме акционери во хипотетички создадениот конзорциум што ќе го направат двете хидроелектрани. Мислам дека ова е недопуштено, имајќи во предвид дека во овој момент сите говорат дека станува збор за уште еден голем криминелен скандал, посебно во онаа свера каде што нема министер за економија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Бучковски.

За збор се јави претседателот на Владата, господинот Груевски. Повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Благодарам на прашањето на пратеникот Бучковски.

Првото прашање се однесуваше дали сум прифатил шеф на делегацијата да биде Бранко Црвенковски во Букурешт и слично поврзани прашања со ова.

Господине Бучковски јас сум концентриран на суштината на исходот што треба да дојде од Букурешт. Можеби можам да ја разберам вашата потреба да му се додворите на господинот Црвенковски со вакви прашања меѓутоа сакам да ви кажам дека во моментот чуствувам голема одговорност за ситуацијата и воопшто не сум кнцентриран кој ќе биде шеф кој нема да биде шеф, ако успееме сосема релевантно е кој ќе ја водел делегацијата, ако не успееме исто така сосема ирелевантно е вашето прашање така да тоа е мојот одговор на вашето прашање господине Бучковски.

**Благој Зашов**: Благодарам господине претседател на Владата.

За дополнително прашање се јави господинот Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине Груевски веќе станавте главен играч на сцената, не сме веќе дваесет години претходно кога бевте статист. Немојте со вакви жалопјки кај мене да ги будите чуствата и да ве жалам што сте Премиер на Република Македонија, па не ве теравме ние на сила да бидете премиер на оваа држава.

Значи во овој момент релавитизрањето што може вие да направите е една голема неодговорност. Па зар не сте свесни дека во овој момент Република Македонија нема друг проблем освен вие. Зарем не сфаќате дека се создава едно чувство во граѓанството, ве интересира вас што мисли народот дека реално ние немаме друга пречка освен Никола Груевски. Жалосно ако тоа не ви го кажале, благодарам. **Благој Зашов:** Благодарам господине Бучковски.

Преминуваме на второто прашање кое се однесуваше на “Чебрен”, “Галиште”, тиквешкото езеро...

**Никола Груевски:** Тоа е трето

**Благој Зашов:**Не, тоа е второ, нема трето. Само две прашања господинот Бучковски постави според она што јас регистрав.

**Владо Бучковски:** Да, само две прашања.

**Благој Зашов:** Кој ќе одговори на ова прашање?

За збор се јави господин Ставревски,

Повелете, господин Ставревски

**Зоран Ставревски:** Благодарам потпретседателе,

Благодарам на пратеникот за поставеното прашање околу економските резултати и околу “Чебрен”, “Галиште” како модел.

Веројатно е стил на пратеникот да кажува невистини, мое е да го демантирам тоа што беше кажан

Никаде Владата не се изјаснила на таков начин како што тој кажува односно ние сметаме дека економските резултати во 2007 година се многу солидни.

Ние не шириме лажен оптимизам, не велиме дека спектакуларни работи можат да се осврарат во економијата преку ноќ. Ние ветуваме дека ќе продолжиме со работа за и понатаму да се остваруваат стапки на раст кои може да се повисоки од 5 - 6%, кое што во негово време кога тој беше премиер навистина беа невозможни, бидејќи дометот беше 3-4%.

Ние истотака кажавме дека странските директни инвестиции во 2007 година достигнаа 240 милиони евра, нешто што е двојно повисоко од периодот кога почитуваниот пратеник беше премиер.

Ние исто така кажавме дека индустриското производство остварува раст од 10 до 13% оваа година, странските инвестиции во првите два месеци од оваа година изнесуваат 100 милиони евра, односно толку колку што за цела година изнесуваа во времето на неговоит мандат.

Исто така и домашните инвестиции растат, што уште позначајно.

Стапката на бруто инвестиции почитуван пратеник во 2007 година во Македонија е зголемена од 21,9% на 24,2%. Тоа е највисок пораст на бруто инвестициите што покажува дека и домашните инвеститори не само странските ја препознаваат добрата бизнис клима и се решаваат да инвестираат. Полека но сигурно тоа ќе се трнсформира во отварање во нови работни места и постепено како знаете веќе почна да се

намалува стапката на невработеност. Но тоа е процес и ние секогаш истакнуваме дека за тоа е потребно контунуиран раст на економијата во период од 5 -6 години

Што се однесува до моделот на продажбата на концесијата за “Чебрен” и “Галишта” почитуваниот пратеник веројатно не го разбрал моделот. Јас го разбирам дека не може да му бидат јасни сите детали, затоа дополнително би му објаснил дека не само што не го даваме ХЕЦ “Тиквеш”, туку ХЕЦ “Тиквеш” е напротив нашиот влог во “Чебрен” и “Галиште”. Значи, ние сме партнер во моделот на давање на концесија за “Чебрен” и “Галиште” и тој наш влог ќе биде изразен во процент на акции кои што ќе ги поседуваме во вредноста што ќе биде проценета за ХЕЦ “Тиквеш”.

Второ, господине пратеник ХЕЦ “Тиквеш” првите седум години, додека инвеститорите не ги изградат “Чебрен” и “Галиште” останува во наша сопственост, не знам и тоа дали ви е познато.

Значи, ХЕЦ “Тиквеш” за седум години ќе произведува електрична енергија и приходите од таа електрична енергија ќе и припаѓаат на Република Македонија , на ЕЛЕМ и ќе бидат инвестирани во патишта, во друга инфраструктура во рамките на “Чебрен” и “Галишта”, што исто така после седум години ќе бид наш влог. Значи ние и по тој основ и по основ на вредноста на ХЕЦ Тиквеш ќе биде изрзен во акции после седум години. Во првите седум години Тиквеш останува наш, а после тоа вредноста што ја има ХЕЦ Тиквеш се трансформира во наш акционерски влог во “Чебрен” и “Галишта”. Тоа сметаме дека е многу добар и покажан модел во светот каде што државата задржува сопствено учество во овој грандиозен објект. Тоа е моделот господин пратеник. Се надевам дека сега ви е појасно. Благодарам,

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ставревски.

За дополнително прашање се јави господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе Зашов.

Господине Ставревски мене се ми е јасно, само вас не ви е јасно зошто го добивте прекарот “ мистер тендер”.

На ист ваков начин, арогантно ми одговаравте пред година дена кога ве предупредивме дека за ТЕЦ” Неготино” правите ујдурма. И се докажа . Затоа јас ви реков дека не ве апсолвираме. Папката како што ја покажа Тачи е спремна, седи кај Есад Рахиќ.

Ви кажа што ви препорачува да правите. Значи, очекува од вас сериозност. Уште повеќе што на последната владина седница господине Ставревски, имам документ на кој го разрешувате од екпертската комисија во Министерството за економија експертот кој е поголем и од мене и од тебе. Тоа е поранешниот директор на МЕПСО, професорот Танаско Туневски кој се спротистави на моделот на продажба на ХЕЦ “Тиквеш”. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Бучковски.

Бидејќи нема дополнителни прашања за поставување на пратенички прашања на ред е господинот Павле Трајанов.

Повелате господине Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани пратеници.

Последните месеци, недели и денови Република Македонија е исправена пред сериозни предизвици и од решавањето на овие предизвици зависи иднината и опстојувањето на Република Македонија.

Деновиве зачестија бројни изјави од носители на високи функции, од претседатели на партии од експерти или само наречени експерти од разни колумнисти, па дури и од претствници на некои важни државни функции како што е МАНУ , со кој што мислам дека со нивните изјави директно се руши преговарачката позиција на Република Македонија. Не можам да ги разберам сите што вчера дадоа изјави дека го прифаќаат последниот предлог од господинот Метју Нимиц без да го прочитаат, без да анализираат без да побараат стручни мислења од експерти или некои институции што можат квалификувано да се произнесат. Мислам дека на овој начин се руши позицијата на Република Македонија и дека се отежнува работата на преговарачкиот тим, се отежнува работата на Владата и на претседателот на државата.

Јас сакам да упатам прашање до преседателот на Владата господинот Никола Груевски.

Како можеме да обезбедиме единство во нашата трговска позиција, како можеме да ги спречиме сите овие истрчувања со изјави кои што нанесуваат огромна штета на нашата држава на Република Македонија. Мислам дека тука има многу работи за кои треба да се разговара но ќе се воздржам од коментари бидејќи повеќе од јасно е дека тука со овие истрчувања не се штитат интересите на Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Трајанов.

За збор се јави господинот претседател на Владата на Република Македонија Никола Груевски.

**Никола Груевски**: Благодарам, господине Трајанов.

Јас сосема ја разбирам вашата реакција и се согласувам дека во овие денови треба да бидеме многу внимателни, многу приземни со претпазливост да преоѓаме на сите информации, да не се излетуваме. Ние во овие денови и покрај одредени разлики, несогласувања правиме максимални напори да се дојде до решение кое

што ќе биде добро, кое што ќе биде најдобро за Република Македонија.

Секој ден имаме состаноци и со господинот Црвенковски и со министерот за надворешни работи господинот Милошевски. Го чекаме денеска да се врати, преговараше господинот Димитров. Јас лично вршам многу пошироки консултации со многу експерти од оваа област, со правници, со експерти, со разни интересни групации кои што на различен начин можат да допринесат во целата ситуација. знаете дека со некои од нив имав и јавни средби, како што беше со МАНУ, пред извесно време со верските лидери и така натаму, значи што пошурок круг на консултации, слушање на различни мислења на различни сугестии за да на крајот се дојде до едно решение кое што навистина ќе ги содржи најпаметните нешта што ќе ги кажат што повеќе умови во Република Македонија. Така што целосно се согласувам со вас дека треба внимателен пристап, секое истрчување на секој поединец на политичката сцена, независно дали е член на парламентот или нешто друго во овој момент може да биде контра продуктивно, дури и ако намерите се позитивни. Јас верувам дека тие намери се најчесто се позитивни, меѓутоа често пати и покрај тоа што има позитивни намери може да направи грешка и да направи штета да направи нешто што после многу тешко можеме да го исправиме. Не ја исклучувам можноста дека некој нема најпозитивни намери, но тоа сепак нека бидат некои исклучоци.

Јас се надевам дека сите ние се бориме за некој прогрес, за еден успех и во однос на нашето уставно име и во однос на зачленувањето во НАТО. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Груевски.

За дополнително прашање се јави господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Сакам да искажам благодарност за изнесениот став на претседателот на Владата за политиката што ја води за која сум сигурен дека ќе донесе резултати. Јас поставувјќи го ова прашање се раководев по тоа што се случува со Република Грција, каде што има единствен став и државниот врв и експертите и медиумите. Значи, мислам дека треба да го правиме тоа што го прават другите за важни државни прашања, за нашите национални стратешки интереси, треба ние да обезбедиме единство и само на тој начин ќе имаме резултати, само на тој начин ќе ја сочуваме Македонија како самостојна суверена независна држава која што се надевам, како што рече претседателот на Владата дека наскоро ќе бидеме членка на НАТО. Благодарам, немам дополнително прашање.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Трајанов.

На ред е пратеникот Тахир Хани со неговите три прашања.

Повелете господине Хани.

**Тахир Хани:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓице министер и вие почитуван премиер на Владата.

Сакам да започнам со прашањето што го постави лидерот на ДПА Мендух Тачи. Тој нагласи дека пред извесно време добил досие кое е регистрирано од 2003 до денешен ден. Јас би ви се обратил со едно прашање. Еве, една година јас од вашиот официјално директор на Управата за безбедност и контраразузнавање барам досие кое го потпишав да биде отворено за целата јавност. И јас се шетам од една до друга институција и не ми се дава тоа досие. Јас сум потпишал пред органите на Министерството за внатрешни работи моето досие да биде јавно. И денес кога го барам истото досие ме шетаат од Државната архива до Управата. И вие пред малку рековте доколу има такви решенија на министрите за внатрешни работи кои потпишале да се следат семејните телефони, личните телефони, да се прислушкуваат и да се интервенира до најдлабоката семејна интимност, зошто денес се крие од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање. И јас очекувам стенограмот да го добијам и да ги цитирам вашите зборови кои ги нагласивте токму сега дека е скандалозно доколку еден пратеник талка од една институција во друга институција. И јас побарав да бидам рамноправен пратеник како и сите други пратеници, а да не бидам рамноправен во насока на пристапот до тајните информации. Затоа сакам да го нагласам фактот и јас имам досие во кое следните прискслушкувања се правеа до интимност. И јас имам досие во кое наводно, колку може да се знае до сега дека е затворено до 2000-та година и тоа се вика оперативна обработка Луна 2. Значи, во оваа насока сакам да и одговорам на министерката зошто јас како пратеник талкам од институција во институција за едно досие кое сум го потпишал да биде јавно и пристапно за целата јавност. И истото досие јас не можам да го добијам денеска. Ова е прашањето упатено до министерката за внатрешни работи.

Второто прашање е, еве долго време се манипулира и има една забуна во однос на правичната и соодветна застапеност на немнозинските заедници во Република Македонија. И се обраќам на Владата бидејќи овде требаше да биде заменикот премиер на Република Македонија да ми одговори конкретно и тоа со приказ. Колкава е застапеноста на Албанците во 2002 во 2006 и во 2008 година од причина што се труби на широко дека има коренити измени во правичната и соодветна застапеност. Во Комисијата за надзор на тајните служби поставив прашање, која е измената на застапеноста на заедниците во Управата за безбедност и контраразузнавање, одговор не добив. Јас сакам да го нагласам следново и барам од страна на Владата децидно и прецизно како се движеше застапеноста на немнозинските

заедници во Република Македонија од 2002 до 2008 година од причина што само статистичките податоци се реален резултат, само ако дадеме јасен приказ кога се знае дека извештајот на Република Македонија упатен до Советот на Европа се нагласува дека во 2002 година застапеноста на Албанците во државните институции во тоа што се вика државна администрација беше 5,5% во 2006 година 10,6%, додека денеска имаме извештај од Народниот правобранител каде стои дека е 10,8% застапеноста. Додека 2006 година имаме од Народниот правобранител кој е 10,3%, а во 2007 година имаме извештај од истата оваа институција која е 10,8%, кои се тие коренети измени во оваа насока. Во однос на правичната застапеност или вработените кои се буџетари во Република Македонија во 2002 година беше 11,нешто% во 2006 година беше 16,5% и во 2007 е 17,4%. Овие се измените доколку се земе предвид и податокот на Јован Манасиевски кој нагласи дека од Агенцијата за вработување има статистички податоци дека во Република Македонија се вработени 3.896 вработени, а од нив само 7 се вработени Албанци. Ова во проценти значи само 20% се вработени и опфатот на процентот  во администрацијата во целост немаме пораст туку имаме намалување. Треба да го нагласам и следново доколку во секретаријатот за имплементација на Охридскиот договор се вработени 12 Албанци, но со приказ има министерства каде имаме пад на бројот на вработени Албанци. И доколку се бара оваа динамика тогаш ќе се постави следново прашање, колку години треба да дојдеме до правична и соодветна застапеност, се нагласува и следново дека во јануари 2007 Владата на Република Македонија има изготвено план програма со која се предвидува правичната и соодветна застапеност на Албанците во Република Македонија. Дали важи тој план програма на Владата или не постои веќе. Овие беа две прашања упатени до Владата и барам било усмено да ми се даде образложение и за првото и за второто прашање, но може и писмено да ми се одговори, да ми се даде табеларно со приказ во однос на овие прашања. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За збор се јави министерот за внатрешни работи.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

Пратеникот практично реафирмираше едно барање кое во минатото го поднел. Јас само ќе ја искористам приликата да изразам отвореност, еве мене лично нека ми го врачи дописот и ќе постапиме исто како што му реков и на претеходниот пратеник кој имаше слично барање. Значи идентичен е одговорот во однос на одговорот на пратеникот Мендух Тачи. Институциите се отворени. Вие имате право кога се работи за вашата лична приватност да ги знаете фактите и никој апсолутно никој нема право независно дали доаѓа од некој тоталитарен режим со недомократско минато да ги нарушува вашите демократски права, индивидуални човекови права и правото за приватност.

Ве молам доставете ми го директно дописот кој веќе сте го доставиле и ќе направиме се за да добиете одговор во најкус рок.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Господин Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Јас од министерката барам ургентно да се заинтересира и јас барам да ми се даде тоа што јас сум го кажал јавно. Сум потпишал моето досие да биде јавно и транспарентно и истото досие го сакам да го имам на располагање. Нека се заинтересира. Јас сум имал директна комуникација со директорот на Управата кој не ми одговорил и ми рече дека досието е во Државниот архив. Отидов во Државниот архив, а тие ми велат дека досието не е тука и се нагласува дека кога талкаш од институција во друга институција значи дека твоето досие не ти се дава. Сакам за кратко време да го определите денот кога да дојдам да го земам досието кое сум го потпишал да биде јавно, да биде транспарентно.

**Благој Зашов:** Госпоѓо министер повелете повторно се јавивте.

**Гордана Јанкуловска:** Да, бидејќи имаше дополнително прашање директно ќе му одговорам на пратеникот. Значи ние ќе извршиме проверка врз основа на вашето барање, јас ќе се заангажирам лично да видиме што има во архивите во Министерството  и ќе ве побараме да ви презентираме она што ќе најдеме, доколку најдеме нешто.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Имаше и второ прашање, но пратеникот се согласи да му биде одговорено писмено, така да ќе добие писмен одговор.

Сега поминиваме на следниот пратеник, на ред е господин Горан Мисовски.

Се извинувам, збор бара господинот Хани.

**Тахир Хани:** Барам одговор и за второто прашање и не сакам и второто прашање да помине, доколку има информации доколку постојат информации.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Хани, се извинувам што повторно не ве прашав, но во ред е вашата интервенција.

Повелете господине Мисовски, се извинувам и на вас.

**Горан Мисовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници...

(Реакција од пратеникот Тахир Хани)

**Благој Зашов:** Не разбирам господине Хани по втор пат се јавувате, мислев дека заклучивте со вашите интервенции. Вака еназгодно, го повикав господин Мисовски. Дали инсистирате, дали е толку важно.

Значи, бидејќи никој не се пријави да ви одговори на второто прашање, а вие побаравте усмено или писмено, значи ќе добиете писмен одговор.

**Тахир Хани:** Почитуван потпретседателе.

Побарав одговор и писмен и усмен и очекувам одговор од премиерот, да ми се дадат статистички податоци како тече развојот на правичната и соодветна застапеност на Албанците во државните институции.

Сакам да и кажам на министерката дека во Министерството за внатрешни работи во 2006 година имаше 1.804 вработени, а во 2007 година 1.805 вработени. Само еден има повеќе. Тоа е официјален податок и јас барам и очекувам одговор. Доколку не се во состојба да ми одговори тогаш ќе чекам одговор на писмено.

**Благој Зашов:** Збор има, конечно, господин Мисовски.

**Горан Мисовски:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитуван премиер, почитувани министри,

Јас имав подготвено три прашања, но еве ќе се обидам во интерес на она што еден од колегите пратеници го искажа на почетокот на оваа седница, дека навистина во овој момент не ни е потребно на оваа седница на пратенички прашања да поставуваме прашање кои ќе го отежнат преговарачкиот процес кој што е во тек.

Јас како пратеник на НСДП сум убеден дека Република Македонија ќе ја искористи историската шанса да биде полноправна членка на НАТО и господинот премиер, во името на шансата која што се надевам нема да ја пропуштите, на мојот ревер од денеска ќе го носам знакот и симболот на НАТО и ќе се обидам, покрај овие жешки теми кои што ги обработувавме на денешната седница на пратенички прашања, да поставам само едно прашање кое што е иницирано од жителите на општината Аеродром, а се однесува за Министерството за животна средина.

Имено, бидејќи министерот не е тука почитуван заменик министер за транспорт и врски може и вие да одговорите на прашањето, над илјада граѓани од месната заедница Стар Аеродром од Скопје се спротиставуваат на измената на дупот. На делот каде што тие живеат, формирале иницијативен одбор и иницијативниот одбор ме информираше за следното: во делот на населбата помеѓу булеварот Јане Сандански и улиците Васко Карангелески и Владимир Комаров се планирало да се изградат вкупно пет нови згради. На просторот кој сега веќе има зелен појас и на кои што се посадени дрвја има една детска градинка, има игралишта, пешачки патеки и зеленило. Постапката за промена на ДУП е во тек. Согласно членот 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање во декември 2007 година спроведена е јавна анкета. Над илјада граѓани се потпишале да не се уништува зелениот појас и дрвјата во нивната населба како што тоа се предлага од општината Аеродром. Иако тоа се бара во законот граѓаните не добиле никаков одговор. Градбата која што е предвидена на една од зградите предизвикува и промена на сообраќајното решение кое ќе доведе до уништување на пешачката патека, сечење на над 100 дрвја постари од 30 години и загорзување на безбедноста на граѓаните. За предлогот за измена на ДУП-от во споменатата скопска населба се известени и организациите на екологистите.

Почитуван заменик министер,

Како пратеник од првата изборна единици во која е и општината Аеродром, загрижен сум ако не се почитува волјата на овие над 1000 граѓани. Затоа би сакал да знам што вие како надлежен министер ќе сторите да се почитува Законот за просторно планирање и имам информација дека за мислење веќе се обратиле граѓаните директно до Министерството или до ресорниот сектор. Бидејќи до вас седи и министерот за животна средина предлагам и Министерството за животна средина да се заинтересира за овој случај. Ние како пратеници добиваме разно разни преставки, дописи, жалби од граѓаните и ние сме должни како пратеници да ви ги презентираме вас, министрите. И што се однесува до ДУП-опвите почитуван заменик министер, сакам да ве упатам на текстот кој што излезе вчера во весникот Време каде што новинарот ја вади тезата преку насловот дека ниеден ДУП не треба да биде глуп. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Мисовски.

За збор се јави заменик министерот за транспорт и врски.

Повелете господин заменик министер.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Јас внимателно го слушнав господинот пратеник со неговото прашање. Ќе ве информирам за следното. Општина Аеродром има поведено постапка за измена и дополнување на над 30-тина детални урбанистички планови на територијата општина Аеродром, така што сега во детали според тоа што почитуваниот пратеник го изнесе не можам директно да имам информации што се однесува на еден, два или три објекти, што верувајте, еден детален урбанистички план во било кое населено место содржи над стотина објекти. Така што детално не сум запознат баш со овој случај. Меѓутоа, постапката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план е во Законот за просторно и урбанистичко планирање во надлежност на локалните самоуправи. Точно е дека во два наврата таа доаѓа во Министерството за транспорт и врски односно еднаш како нацрт-план на кое ние како Министерство даваме стручно мислење, додека вториот пат доаѓа на согласност на тој план. Слушнав дека Деталниот урбанистички план за тој одреден урбан блок е испратен во Министерството за транспорт и врски за добивање на стручно мислење. Овде треба да се

напомене дека, стручното мислење ќе се издаде од Министерството за транспорт и врски во согласност со Законот за просторни и урбанистичко планирање и правилниците за планирање на просторот. Меѓутоа, по даденото мислење истиот Детален урбанистички план мора да се објави на јавна анкета. Што значи дека граѓаните ќе имаат увид во предметниот Детален урбанистички план каде ќе можат да дадат свои забелешки и мислења во однос на планираната состојба на тој блок. Општината е надлежна на сите доставени анкетни листови во врска со Деталниот урбанистички план да дадат одговор на прифатените. Посебно и на одбиените посебно зошто се одбиени. Тие после при препраќање во Министерството за транспорт и врски општината е должна тие дадени одговори во врска со поставените барања на граѓаните во однос на планот да ги достават до нас и да можеме ние врз основа на тие документи да одлучуваме по согласноста.

Значи подетални информации ќе им проследиме по писмен пат, затоа што засега сме во една хипотетичка граница дека планот е доставен, ова се бара, меѓутоа тоа мора да се анализира, да се види што се бара и врз основа на тоа децидно ќе му одговориме во писмена форма за одредениот Детален урбанистички план. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Нема дополнителни прашања, а вие рековте ќе се одговори по писмен пат.

Продолжуваме со работа.

Имаме уште десет минути. На ред е госпоѓа Весна Бендевска. Меѓутоа, со оглед на тоа што имате само десет минути со кој што ќе поставите прашања, јас би предложил тоа да го префрлиме во 14,50 часот или...?

Повелете, поставете ги прашањата.

**Весна Бендевска:** Благодарам  потпретседателе.

Тоа е во интерес на времето и во интерес на тоа и сите останати колеги кои се пријавиле на оваа сесија на пратенички прашања да имаат време.

Јас жалам што во овој  момент во салата не е присутен претседателот на Владата на Република Македонија и дозволете ми колеги пратеници и членови на Владата на Република Македонија пред вас да ја споделам дилемата што сеуште ја имам кон кого да ги упатам моите денешни пратенички прашања.

Повторно тема на моите прашања ќе биде ситуацијата во Електроенергетскиот сектор, поточно случувањата во најголемиот производствен капацитет, во столбот на електроенергетскиот систем во Македонија, а тоа е  РЕК - Битола. И, знам дека сосема природно би било овие рпашања да ги насочам кон Министерството за економија, но знаеме дека освен за садење на садници пред Влада, министерката за економија има поднесено, сга не знам оставка или полуоставка, тоа најдобро може да го одговори господинот премиер. Сеедно. Но и пред тоа во време кога госпоѓа Рафајловска имаше неспорен легитимитт како  министер и беше сосема природно таа да го води тендерот кога се распродаваше ТЕЦ-Неготино, тоа го правеше вице премиерот господинот Ставрески. Сега пак, слушаме нешто сосема ново, во една своја изјава господинот Ставрески самиот себе си амнестира пак од продажбата на Чебрен и Галиште, а сега е многу поприродно тој да го води тој тендер, со оглед на испразнетото министерско место во ресорот економија. Ете, токму за тоа и покрај отсуството на премиерот, директно до него ќе му ги упатам овие прашања, со оглед на тоа што апсолутно ресорот економија не само што му е сива зона во неговата Влада, туку е и поле каде што се случуваат значителни фианнсиски скандали по кои претпоставувам и ќе биде запаметена оваа владина гарнитура.

Но, да преједам на прашањето. Исато како тука да е господинот Груевски. Господине Груевски, имате ли вие поим што се случува моментално во електроенергетскиот сектор во Република Македонија. Дали знаете дека постојат реални индиции дека во овој многу срозен момент во државата кога цело внимание природно е насочено кон некои многу повисоки политички теми, некој односно четворката Ставрески, Чинговски, Здравев и Коњановски нашла буквално сива зона во која ги спроведуваат своите бизнис интереси. Како поткрепа на ова ќе го кажам следното. На веп страната на МЕПСО е објавено дека само за јануари 2008 година дополнително се потрошени непланирани 7,5 милиони евра, заради лошото производство во производствените капацитети.

Второ, и покрај тоа, долго време говоревме и покрај тоа што не беше предвидено да се увезува јаглен оваа Влада донесе одлука за увоз на јаглен во висина од 24 милиони евра. Во февруари пак дополнително МЕПСО распиша повторно непланиран тендер за нов узоз на електрична енергија во вкупен износ од 18 нови милиони евра. Поради цело лошо раководење може да се заклучи следното дека макеоднските граѓани лошото раководење и менаџирање со овој сектор го чинат смао за првите два месеци околу 54,5 милиони евра. Затоа, претпоставувам дека господинот Груевски ќе најде сила да одговори точно на овие прашања.

Прво, со оглед на тоа што РЕК-Битола не се наоѓа покрај железничка пруга, јасно е дека увозот на 400 илјади тони јаглен ќе се врши со камиони. Господа пратеници, за да имате увид 400 илјади тони јагледн до колку ги пренсуваат камиони со носивост од 20 тони, ќе бидат потребни точно 20 илјади камионски тури за превоз на јагленот до производствениот капацитет.

Моето прашање е, кој и кога ќе распише тендер за транспортните трошоци.

Второ, кој и кога ќе го распише тендерот за овластена лабораторија што ќе врши анализа дали секое количество во секој камион јаглен ќе одговара согласно перформансите побарани во тендерската документација.

Јас ќе цитирам една изјава на господинот портпарол на ЕЛЕМ Мирче Коцевски кој вели дека во периодот до 20 март ќе се спроведува планско исклучување, всушност, не е предвидено планско исклучување на третиот блок во РЕК-Битола, бидејќи редовниот ремонт е планиран во месец август, септември и половина од октомври. Сведоци сме дека третиот блок беше исклучен во периодот пред 20 март и тоа дополнително ги зголеми цената на производство за цели два милиони евра. Се работи ли за план и систем за обезвредување на производствениот капацитет на РЕК-Битола само за да можр познатата четворка да врши увоз,според вашиот закон за јавни набавки, со непосредна спогодба очи во очи на непланирани нови количини електрична енергија.

И, последно на кое што сакам да добијам сериозен одговор е следното. Пред неколку дена генералниот директор господинот Коњаноски од РЕК - Битола ги разреши тројцата директори. Директорот на рудникот господинот Благој Ѓорѓиевски, директорот на Теромоелектраните Оливер Зиковски и помошникот директор на производство господинот Наум Кушкоски. Сознанијата велат дека господинот Кушкоски кој бил заменик генерален директор во времето на Јани Радивчев е сменет заради најновиот и препоставувам до сега пред најголемиот скандал во РЕК - Битола дека е сменет заради тоа што учествувал во санацијата и фарбањето на багерот СРС 2001, кој во овој момент е пренесен во рудникот БРОД-Гнеотино. Оваа санација и фарбање е извршена преку фирмата Факом од Скопје без објавување на постапка на јавни набавки, иако вредноста далеку ја надминува сумата од 500 илјади евра. Патем, при оваа санација е направена катастрофална грешка во конструкцијата на самиот багер и оваа грешка претпоставувам дека максимално е прикривана од страна на актуелното раководство, од кадрите на ВМРО-ДПМНЕ.

Која е вистината и зошто толку касни ископот цо Брод-Гнеотино претпоставувам дека се крие токму во овој скандал со багерот СРС 2001. Јас барам одговор од господинот премиер дали оваа смена значи дека горенаведените директори се сменети за катастрофалната ситуација во РЕК-Битола. Се разбира, како алиби за главните кривци Ставрески, Здравев, Чинговски и Коњановски. До колку се сменети и ја понесат одговорноста кој и во кој момент ќе ги повика и ќе им поднесе кривична пријава за злоупотреба на нивната службена должност. Конечно, дали ова значи дека повторно ВМРО-ДПМНЕ ќе ги амнестира своите високи партиски кадри на штета на извршителите, на делата кои се планираат во Скопје, а се извршуваат од ВМРО-овски кадри на многу пониско ниво во РЕК-Битола. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

За збор се јави господин Зоран Ставрески, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодаран почитуван потпретседателе,

Благодарам на пратеничката Бендевска за прашањата. Секако е демократски инструмент да се поставуваат пратенички прашања и пратеничката ќе добие одговор по писмен пат за прашањата.

Сепак, би сакал да ја посоветувам да не се служи со клевети, затоа што за тоа се одговара и слично како што веќе се наоѓа на еден судски процес и каде што се повикува на пратенички имунитет, ќе биде повторно принудена на ист таков начин

(Реакција од пратениците).

Би било коректно да не се навредуваат членовите на Владата. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ставрески.

Секој одговара за своите зборови. Ова не го сватив како закана.

Повелете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Исто како што господинот Тачи од оваа говорница се повика на заштита на својата лична функција пратеник во Собранието на Република Македонија, исто и јас со истата функција барам од вас како носител на функција заменик претседател на Собрание на Република Македонија да не дозволувате ни случајно да добива било кој пратеник закани од носител на функција од извршната власт.

Госпоѓо министер за внатрешни работи, се надевам дека согласно Уставот и законите веднаш ќе започнете постапка против вице премиерот господинот Зоран Ставрески, бидејќи бевте лично присутна кога добив закани за начинот на кој ја обавувам мојата функција и се надевам дека во многу кратко време ќе ме известите согласно Уставот и законите докаде ќе ја водите оваа постапка. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи,нема повеќе пријавени за одговор на овие прашања, а и времето поминува, јас овде ќе ја прекинам седницата и ќе продолжиме во 15,00 часот. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,25 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа со попладневната сесија.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете вашите десет минути.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Моето прво прашање сакам да го поставам до вицепремиерот задолжен за економски прашања,

господинот Ставрески, но не гледам дали е присутен овде.

Деновиве кога целата македонска јавност е преокупирана со НАТО Самитот и името на Република Македонија, во енергетскиот сектор се случуваат огромни криминали. За тие криминали јас денес сакам да кажам по неколку збора и сакам да ве запрашам што и како се случува, почитувани министри, почитуван премиер.

Оваа Влада покажа дека нема енергетска стратегија и дека перспективите на Македонија на полето на енергетиката се крајно неизвесни.

Сведоци сме дека производството на ЕЛЕМ, на македонските електрани годинава изнесуваше само 5.545,000 гега ват часа електрична енергија.

Во 2006 година биле произведени 6.200 гега ват часа. Во 2005 6.333 гега ват часа, во 2004 6.062 гега ват часа. Значи просечно македонските централи произведувале 6.300 гега ват часа електрична енергија, сите претходни години, освен 2007 година кога беа извршени ремонти во РЕК Битола и во ТЕЦ Осломеј, кога беа потрошени неколку милиони евра за нив, но производството сепак беше помало за 788 гега ват часи од претходната година. Заради таа непроизведена електрична енергија државата од Буџетот мораше да плати преку 60 милиони евра и без трунка срам, сведоци сме на цели страници огласи и реклами за доброто работење на ЕЛЕМ во првите два месеци, замислете, дека за тоа Чинговски не бил виновен туку бил виновен Здравев за тоа што лошо се работело, за тоа што биле празни езерата, хидроакумулациите и веќе се гледала земјата низ сред езеро и пак не бил виновен Чинговски туку бил виновен Здравев.

Ако во нивната партија, во партијата на власт немаат врска со енергетиката па можат до бесвест да ве лажат, дали мислите дека е слично во цела македонска јавност и во цела Македонија.

Почитуван премиер, бидејќи вие сте овде, дали имате намера да го лоцирате со име и презиме, виновникот за потрошените повеќе од 60 милиони евра непроизведена електрична енергија на АД ЕЛЕМ и да ја информирате македонската јавност зошто се потрошени преку 60 милиони евра од Буџетот на државата. Тоа е моето прво прашање.

Моето второ прашање од ова место го поставувам по втор пат, бидејќи не добив одговор до сега односно одговорот што го добив не беше конкретен и задоволителен.

Прашањето се однесува за изградбата на нуклеатна електрана во Република Македонија која од време на време се појавува во јавност. За големите држави тоа е тема со најголемо стратешко значење и во големите држави кои имаат многу енергетски извори мора да се изгради политика за или против изградба на нуклеарна електрана. Во Македонија час слушаме дека ќе се градела во Мариово нуклеарка, па нема да се гради и слично.

Дали оваа Влада во меѓувреме можела да ја изанализира оправданоста и соодветно да направи и друг стратешки чекор на полето на енергетиката. Станува збор за помал чекор од градење на сопствена нуклеарна централа но кој реално нудеше можност за обезбедување на одреден дел од потребите од електрична енергија на Македонија.

Реалност во регионот е изградбата на нуклеарка во соседна Бугарија на Белене и понудата на Бугарија за вклучување на партнери во изградбата на нуклеарка. На интернет сите можевме да видиме дека во мај месец 2007 година имало повик за вклучување во изградба на нуклеарната централа Белене. Во таа смисла сакам до Владата да поставам прашање, дали е изграден став за евентуално учество на Република Македонија во финансирањето на на нуклеарната електрана Белене. Ако е изграден, дали е достапен до јавноста и дали барем ние во Парламентот можеме да дознаеме.

Третото мое прашање повторно го упатувам до Владата на Република Македонија и се однесува на пожарите.

Минатогодишните случувања со пожарите од кои беше зафатена целокупната територија на државата, ја покажа целокупната неспособност на Владата правовремено да реагира во ваква ситуација.

Согледувајќи ја инертноста на Владата при решавањето на вакви ситуации, голем број пријателски земји испратија помош во противпожарна опрема и средства.

Познато е дека Владата формирала комисија за прераспределба на овие средства.

Зимскиот период, пожитувани присутни, почитувани гледачи, помина, но наидува пак летен период кога потенцијалната опасност од појава на пожари на отворен простор е значително поизразена, а Владата сеуште официјално не кажува каде ги дала средствата од минатогодишните донации и дали оваа година поподготвени ќе го пречекаме летниот период.

Познато ми е дека во источниот регион на Република Македонија се поделени симболични донации без никаков критериум. Така на пример во противпожарната единица Штип која влегува во републичките сили за заштита од пожари и покрива две општини со над 50 иљади жители, од овие донации се добиени само две пластични кофи.

Дали Владата, со добронамерните донации за заштита на националното богатство и имот на граѓаните, извршува своевидно казнување на непослушните гласачи од Источна Македонија, бидејќи актуелната владеачка партија има најмал број на градоначалници и како казна за тоа во тие, не свои, општини доделува само по некоја пластична кофа.

Само да напоменам дека Норвешката влада јавно соопшти дека донира противпожарна опрема во

вредност од 500 илјади евра. Каде отиде таа силна опрема?

Моето прашање е каква опрема, во колкави количини, каде и по кои критериуми оваа Влада ги прераспредели. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Првото прашање на госпоѓа Филипова беше упатено до господинот премиер.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето на почитуваната пратеничка.

Колку што јас имам информации за намаленото производство, најголем причинител е хидрологијата. Меѓутоа јас сепак би замолил писмено да и се одговори на пратничката за да има и повеќе детали и подобар преглед и да биде на соодветен и стручен начин подготвено.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине премиер.

Второто прашање исто така е упатено до Владата, во врска со нуклеарните електрани.

На прашањето ќе одговори господинот премиер.

**Никола Груевски:** На второто прашање исто така ќе одговориме по писмен пат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На третото прашање кој ќе одговори.

**Никола Груевски:** Исто така и на третото прашање би одговориле по писмен пат.

**Љубиша Георгиевски:** Значи на сите три прашања, госпоѓо Филипова ќе добиете одговор по писмен пат.

На ред за поставување на прашања има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам претседателе, почитуван премиер, почитувани министри.

Ќе поставам три прашања.

Првото прашање го поставувам до Министерството за економија.

Прашувам до каде е стратегијата за туризам?

Знам дека таа е изготвена во соработка со УНДП, меѓутоа треба и формално да помине на Влада. Значи кога се планира да помине стратегијата за туризам затоа што тоа ќе биде многу важна основа за сите понатамошни активности и законско доуредување на оваа толку значајна област.

Второто прашање го упатувам до Министерството за образование и наука.

Знам дека на Влада помина одлука за набавка на Брајов печатач за училештето за слепи.

Мене ми се обратија од училиштето и се интересираат до каде е со набавката на печатачот, бидејќи средствата веќе се определени.

Третото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашањето е дали се планира одредено истражување на земјиштето и на подлогите во Република Македонија затоа што тоа е многу важна материја која во Европската унија по правило се прави и врз база на тоа се утврдуваат регионални производи кои имаат специфично потекло и врз база на тоа може да се направи брендирање и да се обезбедат сертификати за потекло на одредени производи.

Ние како земја полагаме големо внимание на земјоделието и Владата посвети големо внимание во овој период од година и пол на таа проблематика, мислам дека навистина би било важно да продолжиме со овие процеси, да ја вклучиме и науката за истражување на подлогите.

Значи, дали се планира такво истражување и во која фаза, евентуално доколку тоа е започнато.

Тоа се моите три прашања.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Поповска првото прашање го поставивте до Министерството за економија. Повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

И благодарам за прашањето на почитуваната пратеничка и да кажам дека стратегијата за туризам е изготвена и сега се прават последните анализи од експертски тим, за доградба на самата стратегија. Едновремено, со дополнување на самата стратегија за туризам што е од големо значење за Република Македонија, се подготви и акционен план за спроведување и имплементација на самата стратегија.

Во владина процедура е постапка околу дополнувањето на самата стратегија изготвувањето на акциониот план. Во наредните 2-3 недели ќе биде доставено до Владата за усвојување на конечната верзија.

Имаше промоција на самата стратегија за туризам.

Јас и благодарам на пратеничката за соработката, таа учествуваше во самата стратегија, ни помогна во изготвувањето и понатаму се надевам дека добро ќе соработуваме по однос на имплементацијата на самата стратегија за туризам. Акциониот план е при крај, така што кога ќе биде во завршна верзија и кога ќе го усвоиме на Влада, ќе биде достапен до сите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Поповска дали сте задоволна со одговорот на прашањето.

**Лилјана Поповска:** Задоволна сум со одговорот и сакам да му се заблагодарам за убавата соработка и на заменик министерот господинот Спанџев. Навистина со него имаме извонредна соработка и верувам дека така ќе продолжи и во иднина. Јас само сакам да обрнам внимание на крајното финализирање на стратегијата за туризам, да не се пропушти значајното место на Националната туристичка организација. Тоа значи на онаа мрежа на туристички работници поврзани и со државата и со локалната самоуправа, во

двете насоки. Тоа е нешто што е многу значајно и на тој начин како земја ќе можеме да бидеме поврзани со Светската туристичка организација. Верувам дека тоа го знаат колегите и на крајот сите ќе бидеме задоволни од крајната верзија на стратегијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Второто прашање беше упатено до Министерството за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Точно е дека Владата има донесено одлука за набавка на еден Брајов печатач и ние сме во фаза на набавка, но тука има проблеми, бидејќи во Македонија прво нема таков печатач, тоа е мала набавка и не можеме да распишеме тендер затоа што не постои таков печатач. Сега собираме податоци каде има такви печатачи и како може тоа во Македонија да се користи си македонска поддршка. Значи ако нема македонска поддршка џабе ќе ни биде да го купиме. Затоа го истражуваме целиот проблем, работиме на тоа и се надевам дека релативно брзо ќе го набавиме и ќе го дадеме таму каде што е неопходно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Поповска дали сте задоволна со одговорот.

**Лилјана Поповска:** Да. Добро е што се работи на таа тема. Само би упатила, претпоставувам дека веќе сте во контакт со Здружението на слепи лица од Заедницата на инвалидски организации каде имав прилика да присуствувам на презентација на можности за користење на вакви помагала за слепите лица. Можеби тие би можеле да ви укажат каде во светот постојат, бидејќи, точно, не постојат вакви помагала.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

И третото прашање беше упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој ќе одговори на третото прашање?

Ме известуваат од Владата дека писмено ќе одговорат на третото прашање.

На ред за поставување на пратенички прашања е господинот Аднан Јашари. Но, колк што гледам тој не е присутен.

Му давам збор на господинот Тале Герамитчиоски. Повелете господине Герамитчиоски со вашети десет минути.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Моето прво прашање ќе го поставам до Владата на Република Македонија, бидејќи проблемот кој ќе го образложам се однесува на три министерства и е потребна една координација.

Станува збор за хидросистемот Бучин кој е проектиран повеќе од две децении во еден просторен план и општина Демир Хисар не може да ги оствари своите елементарни права, по закон, за развој на општината. Се имаат обратено до Владата на Република Македонија во 2005 година. Владата во 2006 година донела соодветни заклучоци и јас ќе ви ги прочитам.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16.02.2006 година ја разгледа информација за состојбите и проблемите во општина Демир Хисар, во контекст на акумулацијата Бучин и ги усвои следните заклучоци:

1. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Водостопанство на Македонија, врз основа на постојната документација, итно да изработат студија со анализа на постојните алтернативи за искористување на хидропотенцијалот на Црна река, на просторот од општина Демир Хисар, со кое ќе се утврди кое решение ќе треба да се прифати за понатамошна реализација.

Во понатамошната постапка Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги преземе сите законски можности за изменување и дополнување на водостопанската основа за дел од сливот.

“Второ, Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на изменетата и дополнетата водостопанска основа да изврши изменување и дополнување на Просторниот план на Република Македонија.

Трето, Министерството за транспорт и врски врз основа на изменетата и дополнета водостопанска основа да изврши изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на Демир Хисар”.

Во меѓувреме под итно е направена студија.

Моето прашање до Владата е да ги опомене сите три министерства зошто не постапуваат по заклучоците на Владата и проблемот тапка во место. Општина Демир Хиссар не може да изврши измена на Генералниот урбанистички план на десната страна на главната улица, на која се однесува тоа подрачје, сите новоизградени објекти се дивоградба, вклучувајќи ја и спортската сала која ја изгради оваа Влада и не почива на валидна документација. Значи проблемот треба да се реши со поттикнување на сите три министерства да ги спроведат заклучоците на Владата за овој проблем.

Второто прашање го поставувам до Минисерството за внатрешни работи.

Сведоци бевме во дневните информативни гласила како се спроведува Законот за полиција, односно како Министерството за внатрешни работи ги доделува лиценците за испитни центри за возачи. Реакциите се прилично големи од повеќе приватни друштва за спроведување на испитите, меѓу другото,се поставува прашањето како е можно две државни институции како што се АСУЦ “Боро Петрушевски” и АМСМ да бидат изземени од процесот на давање на лиценца за град Скопје, а е дадена лиценца на една приватна новоформирана фирма “Еуро Драјв”, која нема ниту еден вработен, ниту еден ефективен работен ден, ниту обучено еден кандидат, а камо ли

спроведено испит, нема платено никаква давачка кон државата, нема автодром со комплетна ирелевантна документација, мерење на квалитетот на автодромот, нема квалитетна сопственост, не е проверен начинот на досегашното работење и зошто се избрзува со одлуката за давање на монопол само на едни испитни центри кога претстои измена на законот во кој демонополизацијата треба да стапи на сила.

Очекувам од министерката да даде комплетна информација за сите испитни центри на кои им е дадена лиценца, во која информација ќе стои објаснување за начинот на бодувањето или начинот на кој се донела одлуката за давање на лиценца на овие центри. Бидејќи таа не е присутна, очекувам одговор пред се во усмена форма, очекувам да ја повикате.

Третото прашање се однесува на Министерството за транспорт и врски.

Ова е еден приватен проблем од еден очаен граѓанин жител на град Прилеп, кој што тропа на сите врати за да го оствари своето право, тропнал и на вратата на Министерството за транспорт и врски и министерот Миле Јанакиески доставил писмено известување до градоначалникот на општина Прилеп, во кој кажува, цитирам:

“Дозволете да ве известам дека остварив средба со господин Кире Мирчевски од Прилеп, на која бев информиран за непостапување на општината по укажување на Државниот инспекторат за градежништво и урбнизам во врска со неспроведување на решенијата за отстранување на бесправно изграден објект.

Во прилог на овој допис ви доставувам копие од документацијата што господин Кире Мирчевски од Прилеп ја достави до Министерството за транспорт и врски.

Ве молам, согласно вашите надлежности да преземете активности за постапување по укажување на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и за преземените дејствија најдоцна до 20.02.2008 година, да доставите известување до Министерството за трнспорт и врски”.

Ова барање е доставено на 7.02.2008 година, сеуште нема одговор.

Моето прашање до Министерството за транспорт и врски е дали повторно преку Државниот градежен инспекторат ќе постапите според решенијата за уривање на дивоградбата, документацијата е доставена до министерот или заради субјективизам на непостапување на општинската градежна инспекција која треба да постапки по решенијата на Државната градежна инспекција ќе преземете директни мерки на републичко ниво. Очигледно е, човекот доставил приватна тужба до надлежниот раководител на Секторот, Инспекторатот и локалната самоуправа - Прилеп, но тоа не го решава неговиот проблем, очигледно треба на централно ниво да се замешата бидејќи поминаа повеќе од 6 месеци откако решението е доставено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Герамитчиоски, првото ваше прашање беше упатено до Владата, но бидејќи премиерот не го сослуша ќе биде писмено одговорено.

(Реакција од пратеници)

Тука е премиерот, меѓутоа, во моментот не беше тука.

Во меѓувреме, господинот Скендер Палоши нека одговори на третото прашање, додека чекаме.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе.

Јас ќе ве исправам, бидејќи првото прашање беше упатено до Владата, а беа инкорпорирани три министерства, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со заклучок на Владата и треба да има интерресорска соработка меѓу министерствата. Ние ќе подготвиме детална информација, бидејќи во моментот не сме во можност трите министерства да се изјасниме околу тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Ова да го сметаме како условен одговор на првото прашање.

Дали сте задоволен со ваквиот одговор господине Герамитчиоски?

**Тале Герамитчиоски:** И покрај добрата волја на заменик министерот да даде некој одговор, јас не сум задоволен бидејќи потребно е Владата да се вклучи во координација, да ги координира трите министерства бидејќи проблемот не е во доменот само на едно министерство за да се реши, а навистина е крупен проблем. Општина Демир Хисар не може да спроведе ниту една активност од областа на урбанизмот и градежништвото, ниту да побара градежна дозвола некој, бидејќи подрачјето е областа каде што водостопанската основа треб ада се смени, па потоа целокупната друга документација, вклучувајќи го и генералниот урбанистички план. Луѓето неколку пати побарале прием во Владата, не им е овозможен прием. Бараме заклучоците од претходната Влада да се спроведат, бидејќи се конкретни и се писмено дадени со конкретни насоки како да се реши проблемот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до министерот за внатрешни работи таа не се наоѓа во зградата во овој момент, па според тоа можеме само да ги задолжиме Министерството и министерот за писмен одговор.

Дали сте задоволен од ова? Тоа е одговорот кој јас можам да ви го дадам.

**Тале Герамитчиоски:** Вашиот одговор е логичен, но исто така според Деловник вие треба да барате навистина за овие деловнички прашања да не се претворат во фарса, има заменик на минситерот. Има ли некој претставник од секое

надлежно министерство? Не можеме нормално дас ја спроведеме институционалната форма на пратеничко прашање доколку нема претставници од Владата. Инсистирам од ваша страна вие да обезбедите претставник од секое надлежно министерство.

**Љубиша Георгиевски:** Вие сте сосема во право, но знаете како почнавме, малку почнавме брзо затоа што изгубивме време, а времето на вакви тематски седници се штеди многу, така што тука е цела пукнатина.

Господине Палоши, третото прашање е до вашето Министерство.

(Реакции од пратеници со зборовите: Мора да има некој претставник на Владата)

Нека се заврши целата оваа работа, па ќе обезбедиме. Работиме на тоа господине Макрадули, но ова што можеме да го завршиме, да не губиме време.

Повелете гоподине Палоши.

**Скендер Палоши:** Во врска со барањето на општина Демир Хисар што не била во можност да стапи во контакт со Владата и со одредени институции, еве денес јавно градоначалникот на општина Демир Хисар нека се обрати до Министерството за транспорт и врски да закаже термин и во понеделник ќе го примиме за да разговараме за овој проблем. Сигурно и со другите министерства може да договори состаноци, за да пристапиме кон решавање на проблемот.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа ли е одговорот господине Палоши?

**Скендер Палоши:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Дали сте задоволен господине Герамитчиоски со овој одговор?

**Тале Герамитчиоски:** Разговорот нема да помогне ништо, бидејќи не е само во належност на Министерството за транспорт и врски. Има прецизни заклучоци на Владата, само треба да се спроведат. Да појаснам, Министерството за транспорт и врски е последно во синџирот. Прво треба да постапки Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие Водостопанство на Македонија, треба да изработат студија, студијата веќе е изработена, треба да се измени водостопанската основа за да започнат другите активности од Министерството за транспорт и врски за измена на Генералниот урбанистички план. Вие не можете да постапите доколку претходно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нен преземе активности, па потоа Министерството за животна средина и просторно планирање не постапи и не изврши изменување и дополнување на просторниот план на Република Македонија, па дури трето доаѓа Министерството за транспорт и врски. Залудно ќе дојде тој да разговара со вас кога повторно ќе наиде на ѕид, нема да му се реши проблемот. Проблемот треба да се реши со координација од страна на Владата.

Барам писмено да ме извести Владата како ги координирала овие активности. Благодарам,.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Секако, ќе бидете писмено известени од Владата господине Герамитчиоски.

Сега на ред за збор е господин Панче Дамески.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

Имам две прашања кои ги упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство, и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

Во однос на прашањето што го упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ме интересира колкава количина на тутун е откупена оваа година во Република Македонија, која е просечната цена на откупениот тутун, кои проблеми се регистрирани во однос на откупот на тутун и дали има застој во исплатата од страна на откупните претпријатија. Исто така, сакам да се даде и споредба на годинешнава реколта со минатогодишната. Со оглед на сушната година количините беа доста намалени, откупот на тутунот е завршен еден месец порано.

Затоа ме интересира кога се планира да се почне со исплата на државните субвенции од 30 денари кои се наменети за тутунопроизводителите, бидејќи сите тутунопроизводителите најмногу ги интересира кога ќе ги добијат овие субвенции, бидејќи наскоро треба да почне подготовката за новата реколта за тутун.

Второто прашање е упатено исто така до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се однесува на трајното бележељње на ситниот добиток, на овците и козите во Република Македонија. Реализацијата на овој проект беше најавувана повеќе пати од претходната власт, меѓутоа, сето остана само на ветувања, иако повеќе пати се кажа дека се обезбедени средства, дека се започнати некои пилот проекти, меѓутоа како и обично сето тоа остана на празни ветувања. И ден денес ситниот добиток во Република Македонија е необележан, поради што не може да се има никаква евиденција, не може да се следи движењето на оваа стока, особено грлата заболени од бруцелоза, поради што долги години имме бруцелоза во Република Македонија. Согласно препораките од Европската унија ме радува фактот што оваа Влада најде за потребно да го реализира и финансира овој проект.

Моето прашање е: Дали се завршени подготвителните активности за реализацијата на овој проект, кога се планира да се почне со бележењето на животните и до кога би завршил овој проект. Трајното бележење на овците и козите е еден од основните услови за успешно искоренување на бруцелозата, што лично мене како доктор по ветеринарна медицина ми е

особено битно бидејќи се работи за зооноза, болест заедничка за луѓето и животните, чие искоренување ќе биде благодет за сите.

Моето трето прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски. Секојдневно патувајќи во правец Прилеп - Скопје сведоци сме на интензивното реализирање на проектот за изгрдба на третата лента на патниот правец Прилеп - Градско. Овој патен правец е од витално значење не само за граѓаните на општина Прилеп, туку и за Битола. Со ова се покажува дека оваа Влада е цврсто решена да ги реализира своите ветувања. Се надевам дека целиот проект ќе биде навреме завршен и дека наскоро ќе се реализира и преостанатиот дел од овој патен правец до Росоман.

Во оваа прилика би сакал да поставам прашање околу најавениот кредит од Светска банка, што ќе биде наменет за обнова на руралната инфраструктура, која за жал е во катастрофална положба и толку години без никаква инвестиција. Бидејќи за многу села оваа инвестиција ќе биде од витално значење, ме интересира кога реално мможе да се очекува почеток на реализација на овој проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Првото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Значи, писмен одговор ќе добиете, на второто прашање исто така ќе добиете писмен одговор.

Господине Герамитчиоски дали сте задоволни од одговорите писмено да ви се одговори на прашањата?

Третото прашање е до господинот Палоши, повелете господине Палоши.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Што се однесува до кредитот на Светска банка за подобрување не на руралната инфраструктура, туку на локалната патна мрежа, патна инфраструктура, тие се во завршна фаза и се надеваме дека до крајот на јуни разогворите ќе бидат завршени, ќе се склучи договор со Светската банка и ќе се добие една голема сума на средства кои се мошне значајни за подобрување на локалната патна инфраструктура.

Значи рокот реален е некаде до крајот на јуни.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Дамески, дали сте задоволен од одговорот?

**Панче Дамески:** Благодарам.

Задоволен сум од одговорот на заменик министерот и се надевам дека со реализацијата на овој проект навистина ќе се подобри многу состојбата на локалната патна мрежа, која за жал е во катастрофална ситуација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи господинот Рафис Алити кој е сега на ред не е присутен, збор му давам на господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пртставници на Владата и колеги пратеници,

Првото прашање го упатувам до министерот за правда господинот Михајло Маневски. Се надевам дека неговиот заменик ќе му го пренесе и ќе добиеме соодветен одговор.

На 7 февруари о.г., членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата повторно го избраа истиот претседател на Комисијата. Тоа претставува директно кршење на Законот за спречување на корупцијата, своевиден скандал, бидејќи тоа не е дозволено по втор пат навистина претседател да биде избран на таа функција. За да биде целиот скандал и сомнеж уште поголем, јавноста за таа одлука повеќе од месец и половина не е воопшто информирана, а доколку Комисијата сметала дека таквиот избор е законит, морален и легален, го поставуваме прашањето зошто сеуште тоа претставува тајна.

Исто така, Државната комисија за спречување на корупцијата сеуште нема до Собранието, иако веќе е крајот на март месец, доставено редовен годишен извештај за својата работа во 2007 година, што отвора дополнителен сомнеж за селективното работење и постапување на оваа комисија под диктат на Владата на ВМРО ДПМНЕ и премиерот лично. Во поткрепа на ваквите наши тврдења се и постапувањето на комисијата со различни аршини по повод претставките кои ги доставува до оваа комисија опозицијата за криминал и корупција во редовите на власта.

Затоа според вашата селективност и пристрасност во работата на Антикорупциската комисија се сомневаме дека ваквиот преседан за повторен избор, спротивно на Законот за спречување на корупција на истиот претседател на Антикорупциската комисија е под директен контакт на ВМРО-ДПМНЕ со цел оваа Комисија и нејзиниот претседател и понатаму да продолжи да ги штити манипулациите, криминолот и самоволието на оваа власт.

Значи, прашањето до министерот за правда е по кој закон, дали е тоа спротивно на законот и зошто избран истиот претседател на Антикорупциската комисија за втор мандат.

Второто прашање, исто така до министерот за правда, господинот Маневски.

Во текот на месец јануари Судскиот совет на Република Македонија, нешто слично како првото прашање, како случајот со Антикорупциската комисија донесе одлука спротивно на законите и на Уставот на кои се повикува оваа Влада, како принцип на владеење неовластено да му го продолжи мандатот на досегашниот претседател на Судскиот совет, господинот Бекир Исени.

Тоа е директно кршење на Законот за судски совет, на Законот за судовите и ако сакате на Законот за работни односи, затоа што овие закони предвидуваат дека со исполнувањето на условите за стекнување старосна пензија повлекува престанок на функцијата судија, а со тоа и самото тоа и основ за членство во Судскиот совет.

Прашањето е до министерот за правда кој и каков вид на одговорност и што ќе се преземе во однос на овој скандал и на ова беззаконие, затоа што ова го гледаме во директна врска со најновите случаи на партизација на судството при изборите на судии, каде што има еден куп избрани судии во разни судови од страна на Судскиот совет или под негово покровителство, кои се роднини, братучеди, стрини, тетки на високи функционери на оваа Власт и на ВМРО-ДПМНЕ.

Ова понатаму го повлекува и прашањето за легитимноста на одлучувањето на Судскиот совет, посебно при изборот на судии, затоа уште еднаш, што оваа Влада, што Министерството за правда, кои мерки ќе ги преземе и да даде одговор зошто тоа е направено посебно од аспект што минстерот за правда по функција е член во Судскиот совет на Република Македонија и според информациите со кои располагаме на оваа тајна седница и тој исто така гласал спротивно на Законот за да се продолжи мандатот на претседателот на Судскиот совет Бекир Исени.

Третото прашање, ова е денешниот број на дневниот весник Вест. Насловот е на петтата страница "Сменет оти го казнил советникот на министерката Јанкуловска", за сообраќаен прекршок станува збор.

Значи после скандалот со преместувањето на припадничка на полиција во Полициска станица во Чашка, од Скопје во Чашка, бидејќи според наредбата и препораките на премиерот за да законот не се применува селективно за сообраќајни прекршоци и кон власта се дрзнала да го казни возачот на Сашо Мијалков, директор на УБК, денеска имаме нов скандал, каде што е сопрен од сообраќајна полиција за сообраќаен прекршок извесен Ристе, советник на министерката Гордана Јанкуловска.

И овој полициски службеник се обидел да го казни советникот на министерката и затоа тој е казнет со тоа што е преместен во Одделението за полициски работи во Сарај. Министерката лично го потпишала ваквото решение.

Од друга страна Иво Котески тврди дека тој полицаец постапувал непрофесионално, па постапувала Комисијата за внатрешни стандарди, а од друга страна во образложението на министерката стои дека прераспоредувањето во Сарај е заради поефикасно извршување на службата.

За споредба ќе ви кажам еден пример колку министерката работи неселективно, согласно Уставот и законите на Република Македонија и дека постојат исклучоци кога се работи за власта при примената на наредбата и писмото на премиерот дека не треба да има исклучоци за функционери на власта кога се работи за сообраќајни прекршоци.

Така, за паркирање пред зградата на премиерот на улица Бихачка се казнуваат пратеници на СДСМ иако за тоа не постои, не се смејте премиере, знак за забрането паркирање, ниту попречување на сообраќајот. Меѓутоа за разлика од извесниот Ристе, советникот на министерката Јанкуловска пратеникот Борис Кондарко не се повикал на имунитетот, а Ристе ги вклучил полициските сирени и светла, црвено и плаво за да ја избегне глобата, а пратеникот Борис Кондарко уредно си ја платил казната. Тоа е едно.

Од друга страна во близина на вашата зграда господине премиер има едно црвено Твинго, Рено Твинго, за кое имам информации дека припаѓа на еден ваш можеби поранешен готвач. За тој не важи наредбата на премиерот полициските службеници да не го казнуваат, иако се паркира на зелена површина и на тротоар.

На крајот, ќе дојдам до прашањето, бидејќи немаме илузии дека оваа диктаторска власт неселективно ги применува законите, замислете се пресметува со опозицијата и за сообраќајни прекршоци, што е знак на слабост и немоќ, го поставувам прашањето до вас премиере покрај адресите на оние четири станови, кои сите ги знаеме да одговорите дали може да ни ги соопштите во писмена форма адресите на останатите 2, 3, 4 или можеби 5, 6 стана, сеедно дали се водат на ваше име или на нечие друго име, сеедно дали се пријавени или не се пријавени во Антикорупциската комисија, не заради нешто друго премиере за да знаеме каде можеме да се движиме, а каде не низ Скопје и каде смееме да се паркираме за да не не казнуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Првото прашање беше упатено, господине Василевски, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Благодарам на почитуваниот пратеник за поставените прашања.

Чинам дека на една од претходните седници процедурално на пратеник од опозицијата беше побарано токму околу двете прашања до надлежните институции, меѓутоа мислам дека не се расправаше во овој Парламент, значи не се оспорува ни фактот да го искористи правото на пратеничко прашање, бидејќи е поднесено и побарано лично министерот Маневски да одговори на овие две прашања.

Можам да истакнам дека и за двете прашања ќе доставиме писмен одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Дали сте задоволни од одговорот на првите две прашања, господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Не сум задоволен затоа што министерот Маневски не е тука, меѓутоа тоа е нивно деловничко право како ќе одговорат.

Ќе се изјаснам дали сум задоволен откако ќе го добијам писмениот одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Третото прашање беше поставено до премиерот.

Повелете премиере.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Благодарам за сериозното прашање господине Кондарко.

Имаше повеќе обвинувања на адреса на Министерството за внатрешни работи, на моја адреса итн. Ќе споменам дека откако го прочитав она што го држеше во весникот напишано господинот Кондарко контактирав со министерката со внатрешни работи и таа ми го кажа следното.

Точно е дека нејзин советник бил сопрен, но дека тој советник си ја платил казната на полицаецот. Тоа било пред два или три месеци и дека не е точно дека тој полицаец е распореден заради нешто друго, затоа што е распоредн на местото каде што живее, некаде во областа на Ѓорче Петров. Значи човекот бил во еден дел на Скопје, сега е во друг дел на Скопје и е на место каде што е неговото живеалиште, така што сите инсинуации затоа што некој бил сопрен итн е преместен во овој случај се неточни.

За вашето глобување за неправилно паркирање господине Кондарко не сте ни можеле да се појавите, да се повикате на вашиот имунитет бидејќи пратениците треба да ја почитуваат безбедноста во сообраќајот, сообраќајните знаци, прописите и не знам зошто го поставувате тоа на Парламент дека некогаш сте се паркирале во близина каде што јас живеам и дека токму заради тоа сте биле казнети за непрописно паркирање. Па, нормално дека ќе бидете казнети независно дали јас живеам во близина, или било кој каде што живее, во било кој дел на градот доколку полицијата најде некое возило што не соодветно согласно законските прописи е паркирано природно е да пропише казна за тоа. Можеби некогаш било поинаку па не ве казнувале затоа што сте биле ова или она, но денеска секој кој што ги крши законите доколку биде фатен од страна на надлежните органи пропишана е казна за тоа.

Што се однесува до прашањето поставено за адреси на мои станови и слично, ве упатувам на интернет да проверите се што имам како мој имот пријавено до Антикорупциската комисија и тоа е изложено на интернет страницата на Антикорупциската комисија, јавно и транспарентно. Надвор од тоа не поседувам ништо повеќе.

Инаку, спомнавте некаков готвач дека паркирал во близина на мојата зграда, јас немам некаков готвач, така што уште помалку знам дали има црвена или зелена или жолто возило, така што тоа го сметам за една инсинуација и обид за замајување на јавноста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине премиер.

Господине Кондарко дали сте задоволни од одговорот.

**Бирис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Задоволен сум во смисла, иронично го кажувам затоа што и друг одговор од премиерот не можев ни да очекувам. Вакво изживување за вака ситни работи е знак на немоќ, на слабост. Јас премиере верувам дека вие не сте одговорен лично за ова, меѓутоа вие и министерката многу добро треба да знаете дека сите овие киксови, глупости одат на ваша штета. Јас зборував премиере за тоа селективно и тоа ќе ви го потврдам да го применувате законот вие и министерката. За тоа вие треба да ја сносите одговорноста, затоа што не е случајно. Ако мислите дека е инсинуација јас можам и оваа фотографија од мојот мобилен телефон ... (од место му го покажува мобилниот телефон со фотографија) да ја зголемам и да ви ја урамам, за црвеното Твинго на извесен Дејан кој може непречено пред вашата зграда на тротоар и на зелена површина да го паркира. Можам и десетици други фотографии да ви покажам дека сите тие не се казнувани. Зошто? Затоа што тие не пречат, меѓутоа опозицијата пречи. Тоа е многу бедно, многу ефтино да си го дозволите да бидете критикувани од опозицијата за тоа.

Вие имате многу посериозни работи отколку да се занимавате со сообраќајни прекршоци. До таму, до тоа ниво стигна вашиот авторитет и авторитетот на вашата Влада. Не се смејте затоа што ова може да ви се удри од глава политички мислам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Следниот говорник Ружди Матоши не е тука, а од друга страна бидејќи листата на пријавени говорници е исцрпена, ја заклучувам денешната седница.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот, прво со нова седница, а по нејзиното завршување со 104-та седница.

Благодарам за соработката.

(Седницата заврши со работа во 16,20 часот)